# АНАЛИЗА

## ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ ОД ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

## Проценка на локалните потреби и проблеми на жените и девојките во надлежност на општините



www.glasentekstilec.mk | www.eho-org.mk | www.ini.org.mk

ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ

ЕХО
ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП

ИНИ

Анализата е дел од проектот „Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“, поддржан од *Цивика Мобилитас*. *Цивика мобилитас* е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат *Македонскиот центар за меѓународна соработка* (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.

Ставовите изразени во оваа Анализа се единствена одговорност на авторите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразуваат гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

**Септември, 2025**

# СОДРЖИНА


1. Вовед ....................................................................................4

2. Извршно резиме....................................................................5

2.1. Executive Summary .........................................................6

3. Методологија за изработка на анализата ..........................9

4. Анализа на податоците од теренското истражување ...............11

4.1. Општина Штип .................................................................11

4.2. Општина Виница ...............................................................34

4.3. Општина Делчево .............................................................57

5. Препораки...........................................................................81

# 1. Вовед

Родовата еднаквост претставува суштинска компонента на правичното и инклузивно општество, во кое распределбата на финансиските средства се одвива на транспарентен и праведен начин. Сепак, досегашните анализи покажуваат дека буџетските политики во локалните заедници сè уште остануваат родово неутрални, без да ги земаат предвид специфичните потреби на жените и мажите. За да се постигне вистинска промена, неопходно е граѓанските организации да бидат препознаени и поддржани во своите заедници, што ќе им овозможи ефективна соработка со локалните власти и поширока доверба од граѓаните.

Во тој контекст, Здружението за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ – Штип, во партнерство со Здружението „ЕХО“ – едукативно-хуманитарна организација – Штип и Здружението „Иницијатива на невработени интелектуалци“ – Виница, го спроведува проектот „Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“, поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата „Цивика мобилитас“. Оваа програма, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска, има за цел зајакнување на граѓанското општество во Северна Македонија и унапредување на транспарентно, отчетно и инклузивно владеење на локално и централно ниво.

Проектот се фокусира на мобилизирање и зајакнување на жените и девојките за активно учество во креирањето на локалните политики и решавањето на родово сензитивни прашања. Преку проценка на актуелните потреби во заедниците, зајакнување на капацитетите на жените лидери и граѓанските активисти, како и застапување за родово одговорни политики, проектот се стреми кон структурни и одржливи промени во локалното управување. Како дел од активностите во рамките на проектот, беше спроведена оваа анализа за проценка на локалните потреби и предизвици со кои се соочуваат жените и девојките во општините Штип, Виница и Делчево. Анализата ги идентификува приоритетните прашања што спаѓаат во надлежност на општините и дава конкретни препораки за подобрување на состојбите. Врз основа на добиените податоци и заклучоци, ќе бидат изработени три родови буџетски иницијативи, кои ќе бидат поднесени до релевантните локални власти.

Оваа анализа има за цел да придонесе кон транспарентност, отчетност и интегритет во локалното управување, како и да поттикне создавање родово одговорни политики и практики. Само преку активна вклученост на жените и девојките во процесите на одлучување, можеме да се стремиме кон градење порамноправно и инклузивно општество.

За изработка на анализата беа ангажирани Игор Јадровски и Гордана Несторовска, експерти со долгогодишно искуство во областа на родово одговорно буџетирање.

# 2. Извршно резиме

Анализата за потребите на жените и девојките од источниот регион е изработена во рамките на проектот „Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини", поддржан од програмата Цивика Мобилитас. Проектот го спроведуваат здруженијата „Гласен Текстилец" од Штип, „ЕХО" – едукативно-хуманитарна организација од Штип, и „Иницијатива на невработени интелектуалци" од Виница. Целта на анализата е да се идентификуваат приоритетните проблеми и потреби со кои се соочуваат жените и девојките во општините Штип, Виница и Делчево, да се оцени нивното учество во јавниот и политичкиот живот и да се дадат насоки за унапредување на локалните политики преку родово одговорно планирање и буџетирање.

Истражувањето се базира на теренска анкета спроведена со 545 жени и девојки од урбани, приградски и рурални средини во трите општини. За таа цел бешее користен структуриран прашалник кој ги опфати следниве области: родова еднаквост и општествени ставови, учество во креирање локални политики, родово одговорни буџети, комунални дејности, урбанизам, заштита на животната средина, образование, здравство, култура, спорт, рекреација и социјална заштита. Анкетарките беа обучени за спроведување на истражувањето, а податоците по неговото завршување беа обработени квантитативно и квалитативно. Врз основа на добиените резултати, изготвени се заклучоци и препораки за секоја од опфатените општини.

Резултатите од анализата укажуваат дека, иако во локалните заедници постои формално призната важност на родовата еднаквост, во пракса таа сè уште не е интегрирана во креирањето на јавните политики и буџетските приоритети. Повеќе од половината од анкетираните жени сметаат дека општеството е поналонето кон мажите, а над 60% никогаш не учествувале во јавни дебати, форуми или консултации организирани од општините. Голем дел од жените немаат информации за тоа како се креира локалниот буџет, ниту што значи поимот родово одговорен буџет. Само 10% од анкетираните веруваат дека нивното мислење би било земено предвид доколку учествуваат во буџетскиот процес, што укажува на ниско ниво на доверба во институциите и на потреба од системска промена во начинот на комуникација меѓу граѓаните и локалните власти.

Во областа на комуналните дејности, жените го истакнуваат недостатокот на улично осветлување, неуредените јавни простори и слабото одржување на јавната чистота како главни приоритети што влијаат на нивната безбедност и квалитетот на живот. Во урбанизмот, акцентот е ставен на потребата од транспарентно распределување на средствата за инфраструктура, уредување на јавните површини и подобра координација меѓу општината и граѓанките во процесите на планирање. Во областа на животната средина, испитаничките бараат посилен инспекциски надзор, подобра едукација на граѓаните и мерки за намалување на загадувањето.

Во образованието, приоритетите се насочени кон следење на состојбите во основните и средните училишта, воведување инспекциски надзор и создавање ученички домови за да се подобри пристапот на младите девојки до образование. Во здравството, највисоко е рангирана потребата од унапредување на женското здравје, сексуалното и репродуктивното образование и поголема достапност на превентивни програми. Во областа на културата, жените покажуваат интерес за локални културни настани, зачувување на традициите и поддршка на културното творештво. Спортот и рекреацијата се исто така важни, особено во делот на создавање повеќе простори и програми за масовен спорт и физичка активност на жените.

Податоците покажуваат дека економската активност на жените е релативно

висока, но и понатаму постојат родови разлики во платите, можностите за напредување и пристапот до претприемништво. Поголемиот дел од испитаничките изјавиле дека немаат можност за активно учество во процесите на донесување одлуки во локалната самоуправа, а најчесто се информираат преку неформални канали – други луѓе или социјалните мрежи. Оваа состојба укажува на потреба од воспоставување структурирани, институционализирани механизми за вклучување на жените во јавниот живот и креирањето политики.

Заклучоците на анализата потврдуваат дека недоволната родова сензитивност во локалните буџети и планови води до репродуцирање на постојните нееднаквости. Жените се најпогодени од проблемите во комуналните услуги, социјалната заштита, инфраструктурата и пристапот до здравствени услуги. Се препорачува општините систематски да собираат и обработуваат родово раздвоени податоци, да ги вклучат жените во изработката на буџетите и да развиваат програми насочени кон подобрување на квалитетот на животот на жените и девојките во заедницата.

Во делот на препораките, анализата сугерира воспоставување редовна годишна проценка на потребите на жените и девојките, изработка на родово одговорни буџети и создавање стратегии за локално женско лидерство и активизам. Потребно е да се поддржат локалните женски организации, да се воспостават консултативни тела во рамките на општините и да се обезбеди континуирана едукација и информирање на граѓанките за нивните права и можности за учество.

Анализата заклучува дека само преку активно вклучување на жените и девојките во процесите на одлучување и преку интегрирање на родовата перспектива во сите аспекти на локалното управување може да се постигне вистинска промена кон поинклузивни, транспарентни и одговорни општини. Процесот на градење родово правично општество бара трајна соработка меѓу локалните власти, граѓанските организации и заедницата, како и континуирана политичка волја и институционална поддршка за родова еднаквост.

## 2.1. Executive Summary

The analysis of the needs of women and girls from the Eastern region was carried out within the project “Through Women’s Activism and Initiatives to Gender-Inclusive and Responsible Municipalities,” supported by the Civica Mobilitas program. The project is being implemented by the associations “Glasen Tekstilec” from Štip, “EHO” – an educational and humanitarian organization from Štip, and the “Initiative of Unemployed Intellectuals” from Viniča. The purpose of the analysis is to identify the priority issues and needs faced by women and girls in the municipalities of Štip, Viniča, and Delčevo, to assess their participation in public and political life, and to provide guidelines for improving local policies through gender-responsive planning and budgeting.

The research is based on a field survey conducted with 545 women and girls from urban, suburban, and rural areas in the three municipalities. For this purpose, a structured questionnaire was used, covering the following areas: gender equality and societal attitudes, participation in the creation of local policies, gender-responsive budgets, communal services, urban planning, environmental protection, education, healthcare, culture, sports, recreation, and social protection. The surveyors were trained to conduct the research, and the data was processed both quantitatively and qualitatively. Based on the results obtained, conclusions and recommendations were made for each of the municipalities involved.

The results of the analysis indicate that, although gender equality is formally

recognized as important in local communities, it is still not integrated into the creation of public policies and budget priorities in practice. More than half of the surveyed women believe that society is more inclined toward men, and over 60% have never participated in public debates, forums, or consultations organized by the municipalities. A large number of women are not informed about how the local budget is created, nor what the term "gender-responsive budget" means. Only 10% of the respondents believe that their opinions would be considered if they participated in the budgeting process, indicating a low level of trust in institutions and the need for a systemic change in the way communication between citizens and local authorities is carried out.

In the area of communal services, women highlighted the lack of street lighting, poorly maintained public spaces, and inadequate public cleanliness as major priorities affecting their safety and quality of life. In urban planning, the emphasis is on the need for transparent allocation of funds for infrastructure, the arrangement of public spaces, and better coordination between the municipality and women in planning processes. In the area of environmental protection, the respondents called for stronger inspection oversight, better education for citizens, and measures to reduce pollution.

In education, the priorities are focused on monitoring conditions in primary and secondary schools, introducing inspection oversight, and creating student dormitories to improve young girls' access to education. In healthcare, the highest priority is the improvement of women’s health, sexual and reproductive education, and greater accessibility to preventive programs. In culture, women showed interest in local cultural events, preserving traditions, and supporting cultural creativity. Sports and recreation are also important, especially in terms of creating more spaces and programs for mass sports and physical activity for women.

The data shows that women's economic activity is relatively high, but gender differences in wages, opportunities for advancement, and access to entrepreneurship still exist. The majority of respondents stated that they do not have the opportunity to actively participate in decision-making processes in local self-government and are most often informed through informal channels – other people or social media. This situation highlights the need for structured, institutionalized mechanisms to involve women in public life and policy-making processes.

The conclusions of the analysis confirm that insufficient gender sensitivity in local budgets and plans leads to the reproduction of existing inequalities. Women are most affected by problems related to communal services, social protection, infrastructure, and access to healthcare. It is recommended that municipalities systematically collect and process gender-segregated data, involve women in budget preparation, and develop programs aimed at improving the quality of life for women and girls in the community.

In terms of recommendations, the analysis suggests establishing a regular annual assessment of the needs of women and girls, creating gender-responsive budgets, and developing strategies for local women’s leadership and activism. Local women’s organizations should be supported, consultative bodies should be established within municipalities, and continuous education and information should be provided to citizens about their rights and opportunities for participation.

The analysis concludes that only through the active involvement of women and girls in decision-making processes and by integrating the gender perspective into

all aspects of local governance can a genuine shift toward more inclusive, transparent, and responsible municipalities be achieved. The process of building a gender-equal society requires ongoing collaboration between local authorities, civil society organizations, and the community, as well as continuous political will and institutional support for gender equality.

# 3. Методологија за изработка на анализата

Целта на анализата е да ги идентификува приоритетните локални проблеми и предизвици со кои се соочуваат жените и девојките од Штип, Виница и Делчево, а чие надминување спаѓа во надлежностите на општините и да се изготват родови иницијативи со предлози за надминување на детектираните проблеми. Токму затоа анализата се базира на податоци добиени преку теренско истражување и анкетирање жени и девојки од засегнатите општини. За таа цел беа спроведени следниве активности:

- Подготовка на структуриран анкетен прашалник за потребите и проблемите со кои се соочуваат жените и девојките од источниот регион – експертите во соработка со проектниот тим изработија структуриран прашалник со затворени и отворени прашања. Прашалникот опфаќа прашања за демографските податоци на испитаничките; перцепции за родова еднаквост во општеството; прашања за информираност и учество во креирање локални политики; информираност и учество во креирање родово одговорни буџети на локално ниво; прашања поврзани за потребите на испитаничките во областите комунални дејности, урбанизам, заштита на животната средина, образование, здравство, култура, спорт и рекреација, социјална заштита, локален економски развој; отворени прашања за главните предизвици и проблеми со кои се соочуваат испитаничките на локално ниво; отворени прашања за предлози за надминување на предизвиците; прашања за утврдување на приоритетите на кои општините треба да работат во насока на одговарање на потребите на жените и девојките на локално ниво.
- Обука на анкетарките за спроведување на прашалниците – на 21.12.2024 година, во просториите на Здружението „Гласен Текстилец“, беше спроведена обука за ангажираните анкетарки кои го спроведоа теренското истражување. Обуката ја реализираа експертите, автори на оваа анализа, со цел да ги запознаат анкетарките со содржината на прашалниците, како и со методологијата за нивно спроведување. Во текот на обуката беа разгледани сите аспекти на прашалниците, со посебен фокус на разјаснување на потенцијалните дилеми и нејаснотии кои ги имаа анкетарките. Дополнително, беа дадени детални насоки и упатства за правилно и ефективно спроведување на анкетниот процес, со цел да се обезбеди високо ниво на квалитет и релевантност на прибраните податоци.
- Теренско истражување - во рамките на теренското истражување беа анкетирани вкупно 545 жени и девојки од територијата на општините Штип, Виница и Делчево. При изборот на испитаничките беше водено особено внимание да бидат опфатени жени и девојки од различни географски подрачја, вклучително урбаните центри, приградските населби и руралните заедници. Овој пристап овозможи добивање сеопфатен преглед на

состојбите, потребите и предизвиците со кои се соочуваат жените и девојките во овие општини.

- Деск-анализа и сумирање на податоците од прашалниците – по завршувањето на теренското истражување, одговорите добиени од спроведените прашалници беа систематизирани и обработени. Првично, податоците беа сумирани во посебни табели, поделени по општини, по што беа изработени графички прикази за подобра визуализација на резултатите. Врз основа на ова, беше спроведена детална анализа и наративно толкување на податоците, со цел да се извлечат релевантни заклучоци и препораки за унапредување на состојбите.

- Подготовка на анализата со наодите од прашалниците, заклучоци и препораки - по завршената обработка и анализа на податоците од прашалниците, беше изготвена сеопфатна анализа која ги презентира клучните наоди од истражувањето. Во анализата се опфатени главните предизвици и потреби на жените и девојките во општините Штип, Виница и Делчево и се идентификувани приоритетните недостатоци во секоја од општините. Врз основа на наодите, формулирани се конкретни заклучоци кои ги истакнуваат најзначајните аспекти што бараат интервенција. Дополнително, разработени се и препораки насочени кон локалните власти, граѓанските организации и другите релевантни актери, со цел да се поттикне поголемо вклучување на жените во креирање политики на локално ниво, да се поттикне спроведување на родово одговорни политики и родово одговорни буџетски иницијативи.

# 4. Анализа на податоците од теренското истражување

## 4.1. Општина Штип

### 4.1.1. Демографски податоци

Во општина Штип беа анкетирани 202 жени и девојки. Во однос на демографските податоци на испитаничките, 117 од испитаничките беа од урбани географски подрачја, 84 од приградски географски подрачја, а 1 испитаничка не дала податок во какво географско подрачје живее.

Најголемиот број испитанички припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години (43.1%), додека 23.3% се на возраст од 15 до 24 години, а 20.8% се меѓу 50 и 60 години. Најмалку застапена е групата над 60 години, со 12.9%.

Анализата на демографските податоци покажува дека значително мнозинство од испитаничките се од македонска етничка припадност (88%), додека останатите 12% припаѓаат на различни етнички заедници, вклучувајќи влашка (5%), ромска (3%), турска (1.5%), бошњачка (0.5%), српска (0.5%) и други (1.5%).

Во однос на работниот статус, повеќе од половина од испитаничките (53.5%) се вработени, што укажува на релативно висока економска активност и на испитаничките на возраст од 25-60 годишна возраст (кои се 64% од испитаничките). Следна по големина група се ученичките и студентките (18.8%), додека 12.9% од испитаничките се пензионерки. Стапката на невработеност меѓу испитаничките изнесува вкупно 5%, со 3% невработени испитанички кои не примаат социјална помош и 2% кои примаат. Хонорарно ангажирани се 2.5%, додека самовработените и работодавачките заедно сочинуваат 3.5%, а сезонските работнички 1%.

Што се однесува до брачниот статус, повеќе од половина од испитаничките се во брак (52.5%), додека значителен дел се немажени (32%). Вдовици и разведени жени сочинуваат 12% од испитаничките, а 7.5% живеат во партнерска заедница. Анализата на податоците за семејниот статус покажува дека најголем дел од испитаничките (40.2%) живеат со своето примарно семејство, односно со сопругот и децата. Следуваат оние кои живеат во заедница со родителите (30.7%), додека 16.6% од испитаничките живеат со поширокото семејство. Помал број, 12.6%, живеат сами, што укажува на разноликоста во семејните структури меѓу опфатените испитанички од општина Штип.

Одговорите на испитаничките покажуваат дека 4% од нив лично се соочуваат со одреден вид попреченост или, пак, член од нивното семејство се соочува со сличен проблем. Најчести форми на попреченост се физичката попреченост кај членови на семејството, деменција кај родителите, старост и исцрпеност кај родителите, како и сензорна попреченост, која вклучува оштетен вид и слух. Овие

податоци во корелација со горенаведените податоци, каде 47 % живеат со родители и пошироко семејство, истакнуваат значајни аспекти на социјалната динамика и потребите на жените кои се соочуваат со попреченост или грижа за лица со попреченост во семејството, како и грижата за родителите заради старост и исцрпеност.

#### 4.1.2. Перцепции за родова еднаквост во општеството

Овој дел од анализата има за цел да ги испита перцепциите на жените и девојките во општина Штип во однос на родовата еднаквост, како и да утврди дали постои потреба од поголема информираност и подигање на свеста за ова прашање. Родово еднаквите општества се карактеризираат со правичен пристап до можности, ресурси и третман за мажите и жените, но перцепциите на граѓаните често откриваат дали ваквите принципи се ефективно применети на локално ниво.

Резултатите од истражувањето покажуваат различни ставови меѓу испитаничките во однос на третманот на мажите и жените во земјата. Најголем дел од испитаничките (45.8%) сметаат дека општеството е понаклонето кон мажите, што укажува на свесност за родовата нееднаквост. Од друга страна, 24.9% веруваат дека мажите и жените се третирани еднакво, додека само 2% сметаат дека жените се во поповолна позиција. Значителен дел од испитаничките (27.4%) не можеле да се изјаснат или не размислувале на оваа тема. Од овие 27% кои не размислувале за ова прашање, само 18% се жени над 60 годишна возраст, 58% живеат во заедница (со родители и пошироко семејство), што потенцијално укажува на недостаток на информираност или интерес за ова прашање, како и на евентуалната помиреност дека „работите се такви какви што се".

Дополнително, при анализата на ставовите за напредокот на родовата еднаквост во последните четири години во општина Штип, 40.5% од испитаничките сметаат дека состојбата останала непроменета, додека 24.3% сметаат дека се подобрила. Само 3.5% сметаат дека состојбата се влошила, а 26.2% од испитаничките не знаат или не размислувале на оваа тема. Овие податоци покажуваат дека иако има одреден напредок во однос на родовата еднаквост, свесноста и интересот за ова прашање остануваат ограничени кај значителен дел од жените и девојките.

Анализираните податоци укажуваат на тоа дека, иако постои одредена свесност за родовата нееднаквост, сè уште има значителен број жени и девојки кои не се доволно информирани или не размислуваат активно на оваа тема. Ова ја потврдува потребата од засилени напори за подигнување на свеста и зголемување на информираноста за родовата еднаквост преку образовни кампањи, јавни дебати и ангажирање на заедницата во процесите на носење одлуки. Локалните власти и граѓанските организации треба да работат на креирање инклузивни политики и програми кои ќе поттикнат поголемо учество на жените во јавниот и политичкиот живот, со што ќе се придонесе кон намалување на родовиот јаз и постигнување на порамноправно општество.

8. *Дали мислите дека во нашата земја, заедницата/општеството ги третира:*




9. *Дали во последните 4 години во вашата општина состојбата за еднаквоста меѓу жените и мажите се:*




### 4.1.3. Информираност и учество во креирање локални политики

Вклучувањето на жените во процесот на креирање локални политики е од суштинско значење за обезбедување инклузивни, ефикасни и праведни решенија кои ги одразуваат потребите на целата заедница. Жените и девојките често се директно засегнати од одлуките на локално ниво, особено во области како што се образованието, здравството, социјалната заштита и економскиот развој. Нивното исклучување од процесите на одлучување може да доведе до креирање политики кои не ги адресираат нивните специфични потреби и предизвици. Покрај тоа, партиципацијата на жените го зголемува демократскиот легитимитет на локалните институции, го зајакнува граѓанското учество и води кон поинклузивни и одржливи политики.

Со оглед на тоа што жените се значаен дел од населението, нивната социјална и економска улога не смее да биде игнорирана во процесите на носење одлуки.

За да се постигне вистинска родова еднаквост, неопходно е да се овозможат механизми кои ќе го поттикнат нивното учество, како што се родово сензитивни јавни дебати, транспарентни консултативни процеси и конкретни мерки за поддршка на жените во локалната политика.

Оттука, во овој дел анализата се фокусира на информираноста и учеството на жените и девојките од општина Штип во изработка и креирање локални политики. Резултатите од прашањето за учество во јавни расправи, дебати и форуми на заедницата покажуваат значителна исклученост на жените и девојките од консултативниот процес при носењето политики на локално ниво, со 64.2% од испитаничките кои одговориле со „не“. 16.4% одговориле дека не биле информирани за такви настани, додека 11.9% учествувале повеќе пати. 5% од испитаничките учествувале само еднаш, а 2.5% сметаат дека вакви настани не се одржувале во општината. Овие податоци укажуваат на потребата за зголемено вклучување на жените и девојките во процесите на донесување локални политики и подобрување на информираноста за таквите активности.

Дополнително, одговорите од прашањето за учество во какви било активности на општината, како јавни расправи, анкети, дебати, форуми и слични состаноци го потврдуваат ниското вклучување на жените и девојките во овие процеси. 78.7% од испитаничките одговориле со „не“, што укажува на голема исклученост од активностите, додека 12.9% учествувале. 8.4% сметаат дека вакви активности не се реализираат во општината. Овие податоци дотолку повеќе ја истакнуваат потребата за спроведување политики за подигнување на свеста, подобрување на механизмите за консултација и обезбедување достапни и инклузивни платформи за партиципација. Активно вклучување на жените во процесите на креирање политики не само што ќе ја зајакне родовата еднаквост, туку и ќе придонесе за подобро одразување на потребите на целата заедница во локалните одлуки.

*10. Дали сте учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата во вашата општина со цел искажување на потребите, споделување на проблемите, утврдување на приоритетите и изнаоѓање решенија?*



11. *Дали учествувате во активностите на општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци во урбаната заедница)?*




Информирањето на граѓаните за активностите на општината е клучен аспект за нивното активно учество во заедницата. Најчестиот начин на информирање за учество во активностите во општината е преку информирање од други луѓе. Дури 44.4% од анкетираните жени и девојки одговориле дека за активностите на општината се информираат преку други луѓе. По 22% од анкетираните одговориле дека за активностите на општината се информираат преку Фејсбук-страницата на општината и преку локални ТВ и радиостаници.

Дополнително, 14.4% информациите ги добиваат преку веб-страницата на општината, а незначителен процент од анкетираните се информираат за активностите на општината преку урбаните и месните заедници (1.1%), партиските штабови (2.2%) и огласната табла на општината (1.1%). 8.9% од анкетираните изјавиле дека за активностите на општината се информираат преку локални граѓански организации.

12. *Ако учествувате во активностите на општината, како се информирате за нив?*




Имајќи предвид дека 1/3 од анкетираните се информираат за активностите на општината преку социјалните мрежи на општината, може да се заклучи дека

општина Штип го следи трендот на дигитализација во информирањето на граѓаните и дека веб- и Фејсбук-страниците на општината допираат до жените и девојките во Општина Штип.

Дополнително, од добиените одговори може да се заклучи дека граѓанските организации во Општина Штип се достапни за жените и девојките во општината и дека тие имаат пристап до информации за активностите на општината. Ова укажува на потребата од понатамошно јакнење на дигиталните канали за комуникација и зајакнување на улогата на граѓанските организации во информирањето на населението.

#### 1.1.1. Информираност и учество во креирање родово одговорни буџети

Вклучувањето на жените и девојките во процесот на креирање родово одговорни буџети е клучно за постигнување поголема родова еднаквост и социјална инклузија. Истражувањата покажуваат дека во општините каде што жените активно учествуваат во буџетските процеси, постои зголемена распределба на ресурси за социјални услуги како што се детската грижа, образованието и здравството, што директно придонесува за подобрување на нивниот животен стандард. Според Светската банка, кога жените имаат пристап до носењето одлуки за буџетирање, има зголемени инвестиции во сектори кои ги засегаат ранливите групи, вклучувајќи ги жените и девојките, што води кон подобри економски и социјални резултати на локално ниво[1]. Ова ја потврдува важноста на родово сензитивното планирање како алатка за поефикасно адресирање на родовите нееднаквости во заедниците.

Анализата на информираноста и учеството на жените и девојките во процесот на креирање на општинските буџети укажува на значителен јаз во нивното вклучување во локалното одлучување. Според добиените податоци, 60.2% од анкетираните изјавиле дека не би сакале да учествуваат во креирањето или одлучувањето за буџетите, додека само 39.8% изразиле интерес за вклучување во овој процес. Оваа диспропорција укажува на потребата од зголемување на мотивацијата за учество на жените и девојките во процесите на носење одлуки на локално ниво. Покрај тоа, ваквите податоци ја истакнуваат неопходноста од подобрување на пристапот до јавниот и политичкиот живот, како и на засилени напори за подигање на свеста кај жените и девојките за значењето на родово одговорното буџетирање. Ова дополнително ја нагласува потребата од политики и мерки на локално ниво кои ќе ги охрабрат жените да се вклучат во буџетските процеси преку образование, кампањи за информирање и механизми за партиципативно одлучување.

[1] Addressing inclusion in public budgets for greater gender equality, World Bank 2024, достапно на: https://www.worldbank.org/en/news/feature/2024/03/07/inclusion-presupuestos-publicos-mayor-igualdad-de-genero

13. *Дали би сакале да бидете вклучени во креирање/одлучување за содржината на буџетот на општината?*




Дополнително, податоците од истражувањето покажуваат загрижувачки тренд во однос на довербата на жените и девојките во процесите на носење буџетски одлуки на локално ниво. Само 10% од анкетираните изјавиле дека сметаат дека нивното мислење и предлози би се зеле предвид доколку учествуваат во процесот на креирање на буџетите. Наспроти тоа, дури 43.3% од испитаничките не веруваат дека нивните мислења би биле земени предвид, што укажува на значителна недоверба кон локалните власти и институциите. Дополнително, 46.8% одговориле дека не знаат дали нивните предлози би биле земени предвид, но дека вреди да се обидат, што укажува на одредена доза на несигурност и скептицизам во однос на влијанието на граѓанското учество.

14. *Дали сметате дека доколку учествувате во ваков вид активности, Вашето мислење и предлог ќе биде сериозно земено предвид?*




Оваа ниска доверба може да се должи на неколку фактори, како што се недоволната транспарентност на локалните институции, ограничената инклузивност на буџетските процеси и отсуството на конкретни механизми за

вклучување на жените и девојките во носењето одлуки. Покрај тоа, историскиот недостаток на значајни промени како резултат на граѓанското учество може да доведе до чувство на немоќ и незаинтересираност кај населението. Ниското ниво на доверба во општинските власти кога станува збор за земање предвид на мислењето на граѓаните претставува сериозен предизвик за демократизацијата на локалното владеење. Високиот процент на испитанички кои не веруваат дека нивните предлози ќе бидат разгледани сугерира потреба од системски реформи во начинот на кој се спроведуваат консултативните процеси. За да се подобри оваа состојба, потребно е да се преземат мерки за зголемување на транспарентноста, унапредување на комуникацијата меѓу општинските власти и граѓаните и воведување механизми за отчетност кои ќе гарантираат дека предлозите на граѓаните не само што ќе бидат разгледани, туку и ќе бидат реално имплементирани во локалните политики. Поттикнувањето на жените и девојките да учествуваат во носењето одлуки не смее да биде само формална обврска, туку суштински процес кој ќе овозможи нивниот глас да биде слушнат и валоризиран во локалното управување.

Во овој дел анализата се фокусираше и на перцепцијата на жените и девоките од Општина Штип за родовата сензитивност при креирањето на буџетот на локално ниво, односно дали проблемите и потребите на мажите и жените се третирани подеднакво во процесот на буџетирање, што е клучно за постигнување родова еднаквост и инклузивни локални политики. Податоците покажуваат различни ставови меѓу испитаничките. Најголем дел, 42.5%, изјавиле дека не знаат или не можат да се изјаснат за тоа дали потребите на мажите и жените биле подеднакво земени предвид при креирањето на буџетот. Ова може да укажува на недостаток на информираност за процесот на буџетирање или на непостоење транспарентност во однос на ова прашање. 30.5% од испитаничките сметаат дека не се водела сметка ниту за потребите на мажите, ниту за потребите на жените, што покажува перцепција за родова нееднаквост и можеби недоволна инклузивност во процесот. 12.5% сметаат дека при креирањето на буџетот биле подеднакво земени предвид потребите на мажите и жените, што претставува позитивен знак за родово сензитивно буџетирање. Меѓутоа, 13% одговориле дека повеќе се земале предвид потребите на мажите, додека само 1.5% сметаат дека поголемо внимание било посветено на потребите на жените.

*15. Што мислите, дали при досегашното креирање на буџетот на Општина Штип подеднакво беа земени предвид проблемите и потребите на мажите и жените жители на општината?*




Податоците укажуваат на значителен јаз во перцепцијата на родовата сензитивност во процесот на креирање на буџетот. Ниското ниво на уверување дека потребите на жените се адекватно земени предвид, како и високиот процент на испитанички кои не можат да се изјаснат или сметаат дека се игнорирани и потребите на мажите и жените, покажуваат дека постои потреба од подобрена транспарентност и родово сензитивен пристап во процесот на буџетирање. За да се постигне родова еднаквост и инклузивни политики, локалните власти треба да се фокусираат на подобрување на информираноста на граѓаните и да воведат мерки кои ќе осигураат дека буџетските процеси ги земаат предвид потребите на сите членови на заедницата, со посебен акцент на жените и нивните специфични потреби.

Испитаничките имаат и висока неодлучност во перцепцијата дали досегашното креирање на приоритетите на буџетот во општината соодветствувало со реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината. Со 54% од испитаничките кои одговориле со „не знам“, се потврдува недостатокот на информираност или транспарентност во процесот на одредување на приоритетите. 37.5% одговориле дека не сметаат дека проблемите на жените се доволно разгледани при креирање на буџетските приоритети, што укажува на перцепција за недостаток на родова сензитивност во овие процеси. Ова сугерира дека локалните власти треба да вложат повеќе напори во собирање податоци за специфичните потреби на жените и да ја подобрат транспарентноста во креирањето на буџетските приоритети, особено во делот кој се однесува на родовата еднаквост и вклучување на жените во донесување одлуки.

*16. Што мислите, дали досегашното креирање на приоритетите во буџетот соодветствуваше со реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината?*




Кон истиот заклучок водат и податоците за информираност и запознаеност на испитаничките за термините родово одговорен буџет и буџетска иницијатива. Дури 59% од испитаничките изјавиле дека не се запознаени со терминот родово одговорен буџет, а 62.2% од испитаничките одговориле дека не знаат што е буџетска иницијатива.

17. *Дали знаете што значи терминот РОБ (родово одговорен буџет)?*



18. *Дали сте запознаени со терминот буџетска иницијатива?*




Нискиот процент на жени кои учествувале во подготовка и поднесување барања, петиции или буџетски иницијативи (само 8%) е загрижувачки и укажува на недостаток на активност и вклученост на жените во овие клучни процеси. Оваа статистика укажува на можни бариери за учество, како што се недостаток на информираност, мотивација или можности за жените да се вклучат во формалните процеси на застапување и поднесување иницијативи. Поголемиот дел од испитаничките (92%) не учествувале во овие активности, што може да покажува и недоверба во институциите или недоволна поддршка за жените да ги користат овие канали. За да се поттикне поголема инклузивност и активно учество, неопходно е да се создадат услови кои ќе ја зголемат информираноста и ќе обезбедат поддршка за жените да учествуваат во процесите на носење одлуки и јавни иницијативи. Оние испитанички кои одговориле дека учествувале во вакви иницијативи, најчесто побарале решавање на инфраструктурни проблеми како изградби и осветлувања на пешачки и велосипедски патеки, решавање на инфраструктурна канализација, понатаму бесплатни тренинзи за жени, поместување на детско игралиште, обележување на пешачки премин. Од одговорите на испитаничките не може да се добие јасен заклучок колку од овие иницијативи биле прифатени и колку од наведените проблеми биле решени од локалните власти.

19. Дали сте учествувале во подготовка и поднесување на некое барање, петиција или буџетска иницијатива пред релевантните институции?




### 1.1.2. Потреби и приоритети од областа на комуналните дејности

Овој дел од анализата се фокусира на потребите на жените и девојките од Општина Штип од областа на комуналните дејности. Податоците укажуваат на тоа дека најголем дел од испитаничките сметаат дека општината треба да се ангажира повеќе во подобрување на одржувањето на јавната чистота, јавното осветлување и уредувањето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини. Овие аспекти се сметаат за особено важни за квалитетот на животот во заедницата, што укажува на потреба од зголемено внимание кон овие области. Во исто време, помалку приоритетни за жените и девојките во Општина Штип се теми како што се одржувањето и користењето на јавните паркинзи, организирањето на јавниот превоз и уличната сигнализација. Ова може да укажува на тоа дека, додека овие услуги се важни за сите граѓани, тие не се сметаат за толку итни во контекст на потребите на жените и девојките. Оваа распределба на приоритети може да има импликации за локалните политики и буџетирање, каде што треба да се стави поголем акцент на јавната чистота, зелените површини и безбедноста, кои се од особена важност за жените.

20. *Во кои области во секторот комунални дејности, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.3. Потреби и приоритети од областа на урбанизмот

Овој дел од анализата се фокусира на потребите на жените и девојките од Општина Штип во областа на урбанизмот. Податоците укажуваат на тоа дека најголемите приоритети за жените и девојките во оваа област се уредувањето на просторот, распределувањето на средствата за финансирање и одржување на инфраструктурата, како и распишување јавни повици за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови и домување. Овие аспекти се оценети како клучни за подобрување на урбаната средина и животната удобност за жените и девојките во општината. Помалку важни приоритети се покренувањето иницијативи за измени и дополнувања на урбанистичките планови и грижата за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште. Ова сугерира дека, додека урбанистичките планови и градежништвото се важни, жените и девојките во Штип се пофокусирани на прашања кои директно влијаат на нивната секојдневна животна средина, како што се просторните уредувања и подобрување на јавната инфраструктура.

Следствено на ова, може да се заклучи дека приоритетите на жените и девојките во урбанизмот се фокусирани на функционални и економски аспекти кои директно го подобруваат квалитетот на животот. Ваквата утврдена ситуација само ја нагласува потребата за дополнителна внимателност при креирањето на локалните урбанистички политики и распределбата на ресурси.

21. *Во кои области во секторот урбанизам дејности, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.4. Потреби и приоритети од областа на животната средина

Во овој дел од анализата, прашањето за тоа во кои области општината треба повеќе да се ангажира во секторот заштита на животната средина во интерес на жените, покажува дека најголем интерес и потреба за промени постои во областа на инспекцискиот надзор за заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиентот на воздухот и просторното планирање. Овие аспекти се оценети како најважни од страна на испитаничките, што укажува на потребата за зголемена контрола и мониторинг на животната средина, особено во урбаните и индустријализираните области. Потоа следи потребата за едукација на граѓаните за заштита на животната средина, заштита од пожари и слични опасности, што укажува на значајноста на подигнување на свеста кај населението, особено кај жените, за зачувување на животната средина. На крајот на краиштата, значајна е потребата за спроведување на мерките за спречување на загадувањето на животната средина и просторот, што е од особено значење за здравјето и доброто на заедницата.

22. *Во кои области во секторот заштита на животната средина, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.5. Потреби и приоритети од областа образование

Пристапот до образование е клучен фактор за овозможување еднакви можности за жените и девојките, како и за нивно омоќување и економска независност. Образованието овозможува придобивки не само за жените и девојките, туку и за заедницата во целина, бидејќи е основа за подобрување на социјалната мобилност, намалување на родовата нееднаквост и создавање поголема еднаквост на пазарот на трудот. Кога жените и девојките имаат пристап до образование, тие се во можност да придонесат значително повеќе на економски и социјален план, што е особено важно за нивното учество во пазарот на труд, јавниот живот и донесувањето одлуки.

Од добиените одговори на прашањето за тоа кои области во секторот образование општината треба да ги подобри во интерес на жените, најголем интерес постои за следење на состојбите во образованието на локално ниво, особено за основните и средните училишта. Ова вклучува не само обезбедување финансиски средства и ресурси, туку и формирање механизми за мониторирање на квалитетот на образованието. Именувањето на лица за инспекциски надзор е од клучно значење за осигурување на квалитетот на наставата и еднаквите можности за сите ученици, независно од родот. Дополнително, создавањето општински ученички домови и подобрувањето на инфраструктурата за образование е особено важно за младите жени, кои често се соочуваат со пречки во пристапот до образование поради патни или економски бариери. Анализирањето на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и отворањето нови училишта или паралелки за одредени специјализирани области на учење ќе помогне во осигурувањето дека

образованието е насочено кон реалните потреби на економијата, што ќе им овозможи на жените да се вклучат и да придонесуваат во сектори со голем потенцијал за раст и развој.

23. *Во кои области во секторот образование, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.6. Потреби и приоритети во областа на здравството

Пристапот до здравствени услуги, особено за жените и девојките, има клучно значење за нивното физичко и ментално здравје. Во многу региони, вклучувајќи ја и Општина Штип, пристапот до квалитетни здравствени услуги може да биде ограничен поради различни фактори како што се географската оддалеченост, социоекономската состојба или недостаток на информираност за важноста на здравствената превенција и едукацијата. Здравствените услуги, вклучувајќи ги и оние за сексуално и репродуктивно здравје, играат особено важна улога во оснажувањето на жените, бидејќи им овозможуваат пристап до нега, превенција, контрола на болести и здравствени консултации.

Податоците од одговорите на прашањето за тоа во кои области во секторот здравство општината треба да се ангажира повеќе за жените покажуваат дека најголем приоритет за жените е унапредувањето на женското здравје. Ова вклучува обезбедување квалитетни здравствени услуги за жените, како и акцент на сексуално и репродуктивно здравје, кое е од големо значење за нивната општа благосостојба. Жените често се соочуваат со специфични здравствени предизвици, и заради тоа унапредувањето на женското здравје треба да биде на врвот на приоритетите на општината.

Следно, значителен број испитанички истакнуваат дека треба да се реализираат активности во областа на здравствено воспитување и превентивни активности, како што се едукацијата и кампањите за здравје. Овие активности имаат важна улога во превенцијата на здравствени проблеми, и преку нив жените можат да бидат подигнати на свеста за своето здравје и да добијат соодветни информации за заштита и превенција.

На крајот, најмалиот приоритет го има надзорот на здравствени болести, што укажува на тоа дека жените во Штип сметаат дека најважно е да се фокусираат на превенцијата и унапредувањето на здравјето, а не само на контрола на болести. Ова покажува свесност за важноста на проактивниот пристап во здравствениот сектор, со цел жените да имаат пристап до информации и услуги кои ќе им помогнат да водат поздрав живот.

24. *Во кои области во секторот здравство, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.7. Потреби и приоритети од областа култура

Податоците од овој дел на анализата укажуваат дека најголем интерес и потреба во областа на културата постои за организирање културни манифестации, што сугерира дека испитаничките од Општина Штип ја препознаваат културната динамика како важен фактор за заедницата. Следна по важност е потребата за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и сличните културни вредности, што укажува на значењето на зачувувањето на културното наследство.

Понатаму, значителен број испитанички го истакнуваат поттикнувањето на културното творештво како приоритет, што укажува на интерес за поддршка на локалните уметници и создавање простор за нови културни содржини.

На крај, институционалната и финансиската поддршка за културните установи и проекти е идентификувана како помал, но сè уште значаен приоритет. Ова покажува дека, иако испитаничките ја препознаваат важноста на институциите во културниот развој, фокусот им е повеќе насочен кон активни културни настани и иницијативи, отколку кон долгорочна институционална поддршка.

25. *Во кои области во секторот култура, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.8. Потреби и приоритети од областа на спортот и рекреацијата

Најголем приоритет за жените и девојките во Општина Штип е развојот на масовниот спорт и рекреативните активности. Ова укажува на потребата од создавање повеќе можности за активно учество во спортот, не само на натпреварувачко, туку и на рекреативно ниво, со цел подобрување на физичкото и менталното здравје. Висок приоритет има и одржувањето и изградбата на спортски објекти, што покажува дека постои свесност за потребата од подобрување на спортската инфраструктура како предуслов за зголемено учество на жените во спортот.

Дополнително, значителен број испитанички ја нагласуваат важноста на олеснетиот пристап до спортските објекти, преку нивно давање на користење, како и организирањето спортски приредби и манифестации, што укажува на интерес за зголемена достапност и вклучување во спортски активности.

Од друга страна, помал интерес е забележан за поддршката на спортските сојузи и финансирањето на спортските клубови, што може да укажува на тоа дека жените и девојките повеќе ги перципираат личните можности за спортска активност како приоритет, отколку поддршката за професионалниот спорт.

26. *Во кои области во секторот спорт и рекреација, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.9. Потреби и приоритети од областа социјална заштита

Во секторот социјална заштита, испитаничките детектирале три приоритети каде што општината треба да се ангажира и да иницира промени. Најпрво, тоа се услугите за поддршка на жени и девојки изложени на насилство: Жените и девојките се најчести жртви на насилство, вклучувајќи семејно насилство и, за жал, многу од нив немаат соодветен пристап до услуги за помош. Формирањето центри за поддршка за жртви на насилство, како и пружањето правна, психолошка, здравствена и финансиска помош, е од клучно значење за овие жртви. Жените често остануваат во насилничките средини поради недостаток на ресурси или страв од последиците, па затоа треба да се создадат сигурни места каде што можат да побараат помош и заштита. Следи иницирање, основање и управување со домови за стари лица. Жените се најчесто тие кои преземаат одговорност за грижата за стари лица во семејството, што многу често претставува неплатен труд. Грижата за стари и исцрпени лица е одговорност која често ги остава жените економски зависни и со ограничен личен простор за саморазвој. Создавањето домови за стари лица би овозможило професионално и соодветно згрижување на овие лица, ослободувајќи ги жените од оваа обврска и намалувајќи го нивниот неплатен труд. Потоа, грижа за деца со попреченост и посебни образовни потреби. Слично на грижата за стари лица, грижата за деца со

попреченост и посебни образовни потреби исто така најчесто паѓа на жените, што значи дека тие се задолжени за грижата и воспитувањето на овие деца без адекватна помош и поддршка. Затоа, општината треба да се ангажира во обезбедување услуги и институции кои ќе им помогнат на овие жени да обезбедат соодветна грижа и поддршка за нивните деца.

Овие услуги се исклучително важни за жените бидејќи значително би придонеле за подобрување на квалитетот на живот и ослободување од неплатениот труд кој најчесто паѓа на нив. Дополнително, овие мерки ќе им обезбедат на жените повеќе можности за учество во економски и социјален живот, како и поголема сигурност и поддршка.

Од помалку приоритетните мерки кои треба да ги преземе општината вклучуваат подигнување на стандардот на јавните детски установи, грижа за деца со социјално-воспитни проблеми и управување со воспитно-образовни институции, што исто така се важни за развојот на општеството, но се сметаат за помалку итни во контекст на потребите на жените во Општина Штип.

27. *Во кои области во секторот социјална заштита, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.10. Потреби и приоритети од областа локален економски развој

Во овој дел испитаничките истакнуваат дека најголем приоритет за општината треба да биде создавањето услови за поддршка на развојот на малите и средните претпријатија. Ова се смета за клучно во контекст на економскиот развој на општината, бидејќи овие претпријатија имаат потенцијал да генерираат нови работни места и да ја зајакнат локалната економија. Следи важноста на

промовирање инвестиции преку привлекување стопански дејности од други делови на државата или странство, како и давање поддршка за пристап до капитални и финансиски извори. Овие активности ќе помогнат во стимулирање економски раст и развој во општината и ќе создадат дополнителни можности за локалното население.

Најмалку приоритетно се оценува иницирањето и утврдувањето на развојни и структурни приоритети, како и основите за водење локална економска политика, што можеби е поврзано со потребата за подобра примена на постоечките мерки пред развој на нови стратегии.

28. *Во кои области во секторот локален економски развој, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 1.1.11. Детектирање на главните проблеми во локалните заедници и предлози за нивно надминување

Испитаничките имаа можност да одговорат на отворено прашање за главните предизвици со кои се соочуваат како жени во нивните заедници. Анализата на одговорите покажува дека проблемите идентификувани од страна на испитаничките генерално се совпаѓаат со приоритетите истакнати во затворените прашања.

Како најчести проблеми беа посочени: недостаток на соодветно улично осветлување; лоша инфраструктура на улиците и тротоарите; присуството на семејно насилство; нередовна и несоодветна работа на комуналните служби и лоша јавна чистота; проблеми со бездомните кучиња; корупција и неефикасност во институциите; одлив на млади лица од заедницата; недостаток на стабилни и добро

платени работни места; ограничен број на паркинг-места. Интересен податок е дека мал дел од испитаничките (5%) изјавиле дека во нивната заедница нема конкретен проблем.

Во однос на предлозите за надминување на овие проблеми, испитаничките укажале на следниве мерки: подобрување на локалната инфраструктура и поставување соодветно улично осветлување; едукација и правно зајакнување на жените; отворање нови работни места, особено за жените; подобрување на комуналните услуги преку поставување повеќе контејнери и подобрување на јавната чистота; унапредување на условите во здравствените установи; изградба на катни гаражи и нови паркинг-простори; засилена борба против корупцијата и зголемување на транспарентноста во институциите; поттикнување инвестиции за развој на различни индустрии; економско зајакнување на жените преку различни програми и поддршка; изградба на пристапни патеки за лицата со попреченост; подигање на свеста кај жените за нивното учество во процесите на креирање јавни политики и буџети на локално ниво;

### 1.1.12. Како општината може подобро да ги препознае и адресира проблемите и приоритетите на жените и девојките?

Во давањето конкретни предлози за тоа како општината може подобро да ги препознае и адресира проблемите и потребите на жените и девојките најголемиот дел од одговорите на испитаничките укажуваат на потребата од систематско следење и проценка на состојбите, како и иницирање конкретни мерки за унапредување на положбата на жените.

Најприоритетните предлози вклучуваат спроведување редовна годишна проценка на проблемите, потребите и приоритетите на жените во општината; покренување иницијативи за решавање специфични проблеми кои ги засегаат жените; поддршка на локалните женски организации кои работат на прашања од јавен интерес; подготовка и примена на родово одговорен локален буџет.

Дополнително, испитаничките предлагаат развој на стратегија за мобилизација на жените и поттикнување женски активизам; идентификување и зајакнување на жени – локални лидерки; создавање лоби-група за застапување на интересите на жените пред локалните власти; обезбедување соодветни финансиски средства во локалниот буџет за унапредување на родовата рамноправност; вклучување на жените во процесите на креирање локални политики и политики за родово одговорно буџетирање. Најмал приоритет кај испитаничките има предлогот за делегирање надлежности на локалните женски организации во согласност со законските норми.

Овие наоди укажуваат на јасна потреба од институционализирање на родовата перспектива во локалните политики и буџетирање, како и зајакнување на механизмите за учество на жените во донесувањето одлуки. Континуираното ангажирање на општината во оваа насока може значително да придонесе за подобрување на положбата на жените и создавање поинклузивни заедници.



## 4.2. Општина Виница

### 3.2.1 Демографски податоци

Во Општина Виница беа анкетирани вкупно 148 жени и девојки. Анализата на демографските податоци покажува дека мнозинството испитанички (60,1%) живеат во урбани подрачја, додека 39,9% се од приградски средини.

Во однос на возрасната структура, најголем дел од испитаничките (93,2%) се на возраст од 25 до 49 години, што укажува на висока застапеност на оваа популациска група. Испитаничките на возраст од 50 до 60 години сочинуваат 23,8%, додека младите од 15 до 24 години се застапени со 17%. Најмалку претставена е групата над 60 години (8,2%).

Што се однесува до етничката припадност, анализата покажува дека доминантно мнозинство од испитаничките се од македонска етничка припадност (93,2%), додека останатите 6,8% припаѓаат на ромската (4,1%), турската (2%) и влашката заедница (0,7%).

Анализата на работниот статус покажува дека 68,9% од испитаничките се вработени, што укажува на релативно висока економска активност, особено во старосната група од 25 до 60 години, која опфаќа 74,8% од вкупниот број испитанички. Ученичките и студентките сочинуваат 9,8%, а пензионерките 6,8%. Стапката на невработеност е 4,8%, од кои 3,4% не примаат социјална помош, додека 1,4% се приматели на таква поддршка. Процентот на самовработени и работодавачки изнесува 4,7%, сезонските работнички сочинуваат 2%, а хонорарно ангажирани се 0,7%.

Во однос на брачниот статус, 67,6% од испитаничките се во брак, додека значителен дел (23%) се немажени. Разведените и вдовиците сочинуваат 6,8%, а 2,7% живеат во партнерска заедница. Анализата на семејната структура покажува дека повеќе од половина од испитаничките (54,1%) живеат со своето примарно семејство (сопруг и деца). Истовремено, 22,3% живеат со родителите, додека 13,5% живеат во проширени семејства. Значаен удел (10,1%) имаат испитаничките кои живеат сами, што укажува на разновидноста во семејните структури.

Дополнително, 8,5% од испитаничките лично се соочуваат со некаква форма на попреченост или имаат член во семејството со попреченост. Најчеста форма на попреченост е физичката, што, во комбинација со податокот дека 10,1% од испитаничките живеат сами, посочува на клучни аспекти на социјалната динамика и потребите за поддршка на оваа категорија жени.

### 3.2.2. Перцепции за родова еднаквост во општеството

Овој дел од анализата ја истражува перцепцијата на жените и девојките во Општина Виница во однос на родовата еднаквост, како и потребата од дополнителна информираност и подигнување на свеста за ова прашање. Родово еднаквите

општества се карактеризираат со правичен пристап до можности, ресурси и третман за сите, но индивидуалните ставови често рефлектираат дали овие принципи се ефективно применети на локално ниво.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека мнозинството испитанички (51%) сметаат дека мажите се во поповолна позиција во општеството, што укажува на свесност за постојната родова нееднаквост. Истовремено, 26,5% од испитаничките сметаат дека жените и мажите се третирани еднакво, додека само 1,4% сметаат дека жените имаат повластена положба. Значителен дел (21,1%) не можеле да се изјаснат или не размислувале на оваа тема, што сугерира ограничена ангажираност во однос на прашањата поврзани со родовата еднаквост.

Во однос на перцепцијата за напредокот во родовата еднаквост во последните четири години, 43,9% од испитаничките сметаат дека состојбата останала непроменета, додека 27% забележуваат позитивни промени. Мал процент (1,4%) сметаат дека состојбата се влошила, а 27,7% не можеле да се изјаснат по ова прашање. Овие наоди укажуваат на тоа дека, иако постои одреден напредок, свесноста и интересот за оваа тема не се подеднакво распространети меѓу жените и девојките.

Анализата покажува дека, иако постои свесност за родовата нееднаквост, значителен дел од испитаничките не поседуваат доволно информации или не размислуваат активно на оваа тема. Ова укажува на потребата од засилени напори за подигнување на свеста и зголемување на информираноста преку целни образовни кампањи, јавни дебати и вклучување на заедницата во процесите на носење одлуки. Локалните власти и граѓанските организации имаат клучна улога во креирањето инклузивни политики и програми кои ќе поттикнат зголемено учество на жените во јавниот и политичкиот живот, што е неопходен чекор кон намалување на родовиот јаз и постигнување порамноправно општество.

8. *Дали мислите дека во нашата земја заедницата/општеството ги третира:*




9. *Дали во последните 4 години во вашата општина состојбата за еднаквоста меѓу жените и мажите се:*



### 3.2.3. Информираност и учество во креирање локални политики

Активното вклучување на жените во процесите на креирање локални политики е клучно за развојот на инклузивни, ефективни и праведни решенија што ги одразуваат потребите на целата заедница. Жените и девојките директно се засегнати од политиките на локално ниво, особено во областите на образование, здравство, социјална заштита и економски развој. Нивната недоволна застапеност во процесите на носење одлуки може да резултира со политики што не ги адресираат нивните специфични потреби и предизвици. Зголемената партиципација на жените, пак, придонесува за поголем демократски легитимитет на локалните институции, поттикнува активно граѓанско учество и води кон поинклузивни и одржливи политики.

Со оглед на тоа што жените претставуваат значаен дел од популацијата, нивната улога во социјалниот и економскиот развој мора да биде земена предвид во процесите на креирање политики. Вистинската родова еднаквост бара развој на механизми што ќе го поттикнат учеството на жените во јавниот дискурс, како што се родово сензитивни дебати, транспарентни консултативни процеси и конкретни мерки за поддршка на жените во локалната политика.

Во рамките на оваа анализа се испитува нивото на информираност и учество на жените и девојките од Општина Виница во креирањето локални политики. Резултатите од истражувањето покажуваат значителна исклученост на жените од консултативните процеси. На прашањето за учество во јавни расправи, дебати и форуми, дури 67,6% од испитаничките одговориле дека не учествувале. Дополнително, 11,5% изјавиле дека не биле информирани за такви настани, додека 10,5% учествувале повеќе пати. Уште 10% од испитаничките имаат искуство со вакви настани, но само еднаш, додека ниту една не навела дека такви настани не се организираат во општината. Овие податоци укажуваат на потребата од засилени напори за информирање и вклучување на жените во процесите на носење одлуки.

Слични тенденции се забележуваат и при анализата на учеството во различни активности организирани од општината, како што се јавни расправи, анкети, дебати и форуми. Резултатите покажуваат дека 80,8% од испитаничките не учествувале во вакви активности, што укажува на значителна исклученост, додека само 15,8% биле дел од нив. Мал процент (3,4%) одговориле дека такви активности не се одржуваат во нивната општина.

Овие наоди ја потврдуваат потребата од мерки за зголемување на информираноста, подобрување на механизмите за консултации и обезбедување достапни и инклузивни платформи за партиципација. Активното вклучување на жените во креирањето локални политики не само што ќе придонесе за унапредување на родовата еднаквост, туку и ќе обезбеди поквалитетни и порелевантни одлуки што ќе ги одразуваат реалните потреби на целата заедница.

*10. Дали сте учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата во вашата општина со цел искажување на потребите, споделување на проблемите, утврдување на приоритетите и изнаоѓање решенија?*




*11. Дали учествувате во активностите на општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци во урбаната заедница)?*




Ефективното информирање на граѓаните за активностите на општината е од суштинско значење за нивното активно учество во заедницата. Според добиените податоци, најголем дел од испитаничките (61,7%) ги добиваат информациите преку официјалната Фејсбук-страница на општината. Висок процент (46,1%) се информираат преку други луѓе, што укажува на значајната улога на неформалните комуникациски канали. Веб-страницата на општината како извор на информации ја користат само 10,4% од испитаничките.

Другите комуникациски канали имаат значително помал опсег. Локалните телевизиски и радиостаници се извор на информации за 4,3% од анкетираните, партиските штабови за 3,5%, додека преку урбаните и месните заедници се информираат само 2,6%. Информации од огласната табла на општината добиваат

1,7% од испитаничките. Важно е да се забележи дека ниту една од анкетираните не навела дека се информира преку локални граѓански организации.

Резултатите покажуваат дека социјалните мрежи, особено Фејсбук, играат доминантна улога во информирањето на граѓаните за активностите на општината, додека традиционалните извори, како што се медиумите и официјалните општински канали, имаат ограничено влијание. Истовремено, ниската застапеност на локалните граѓански организации како канал за информирање отвора можности за нивно поголемо вклучување во процесот.

За да се подобри информираноста и учеството на граѓаните, општината може да разгледа стратегии за проширување на комуникациските канали, зголемување на транспарентноста и подобрување на пристапноста до информации преку повеќе различни платформи, вклучително традиционални медиуми, јавни настани и соработка со граѓанскиот сектор.

*12. Ако учествувате во активностите на општината, како се информирате за нив?*




### 3.2.4. Информираност и учество во креирање родово одговорни буџети

Активното вклучување на жените и девојките во процесот на планирање и распределба на јавните средства е од клучно значење за унапредување на родовата еднаквост и социјалната инклузија. Истражувањата покажуваат дека во општините каде што жените имаат поголемо учество во буџетските процеси, средствата почесто се насочуваат кон социјални услуги како што се детската заштита, образованието и здравствената грижа. Ова придонесува за подобрување на условите за живот на жените и пошироката заедница.

Анализата на информираноста и учеството на жените и девојките во буџетските процеси на локално ниво укажува на значителен недостаток на нивно вклучување во одлучувањето. Според резултатите, 66% од анкетираните изјавиле дека немаат интерес да учествуваат во креирањето и распределбата на буџетот, додека само 34% покажале подготвеност за вклучување. Оваа разлика јасно укажува на потребата од зголемување на мотивацијата и поттикнување на учеството на жените во носењето локални одлуки. Овие податоци дополнително ја истакнуваат потребата од поголем пристап на жените до јавниот и политичкиот живот, како и од континуирани напори за подигнување на свеста за важноста на родово одговорното буџетирање. За да се намали овој јаз, потребно е локалните власти да преземат мерки за охрабрување на жените и девојките да се вклучат во буџетските процеси преку едукативни програми, информирање и создавање механизми за учество во одлучувањето.

*13. Дали би сакале да бидете вклучени во креирање/одлучување за содржината на буџетот на општината?*




Податоците од истражувањето откриваат загрижувачки тренд во однос на довербата на жените и девојките во процесот на донесување буџетски одлуки на локално ниво. Особено е алармантно тоа што само 6.8% од испитаничките веруваат дека нивните мислења и предлози би биле земени предвид доколку се вклучат во буџетскиот процес. Наспроти тоа, повеќе од половина (50.7%) изразуваат недоверба кон локалните власти, сметајќи дека нивните ставови нема да бидат разгледани.

Покрај тоа, 42.6% од анкетираните не можеле да дадат конкретен одговор, но сепак сметаат дека вреди да се обидат да учествуваат. Ова укажува на присуство на несигурност и скептицизам во однос на влијанието на граѓанското учество во носењето одлуки. Овие наоди ја нагласуваат потребата од зајакнување на транспарентноста и инклузивноста на буџетските процеси за да се зголеми довербата на жените и девојките во локалните институции.

*14. Дали сметате дека доколку учествувате во ваков вид активности, Вашето мислење и предлог ќе биде сериозно земено предвид?*




Оваа ниска доверба може да се должи на неколку фактори, како што се недоволната транспарентност на локалните институции, ограничената инклузивност на буџетските процеси и отсуството на конкретни механизми за вклучување на жените и девојките во носењето одлуки. Покрај тоа, историскиот недостаток на значајни промени како резултат на граѓанското учество може да доведе до чувство на немоќ и незаинтересираност кај населението. Ниското ниво на доверба во општинските власти кога станува збор за земање предвид на мислењето на граѓаните претставува сериозен предизвик за демократизацијата на локалното владеење. Високиот процент на испитанички кои не веруваат дека нивните предлози ќе бидат разгледани сугерира потреба од системски реформи во начинот на кој се спроведуваат консултативните процеси. За да се подобри оваа состојба, потребно е да се преземат мерки за зголемување на транспарентноста, унапредување на комуникацијата меѓу општинските власти и граѓаните и воведување механизми за отчетност кои ќе гарантираат дека предлозите на граѓаните не само што ќе бидат разгледани, туку и ќе бидат реално имплементирани во локалните политики. Поттикнувањето на жените и девојките да учествуваат во носењето одлуки не смее да биде само формална обврска, туку суштински процес кој ќе овозможи нивниот глас да биде слушнат и валоризиран во локалното управување.

Во овој дел анализата се фокусираше и на перцепцијата на жените и девојките од Општина Виница за родовата сензитивност при креирањето на буџетот на локално ниво, односно дали проблемите и потребите на мажите и жените се третирани подеднакво во процесот на буџетирање, што е клучно за постигнување на родова еднаквост и инклузивни локални политики. Податоците покажуваат различни ставови меѓу испитаничките. Најголем дел, 40.8%, изјавиле дека не знаат или не можат да се изјаснат за тоа дали потребите на мажите и жените биле подеднакво земени предвид при креирањето на буџетот. Ова може да укажува на недостаток на информираност за процесот на буџетирање или на непостоење на

транспарентност во однос на ова прашање. 29.3% од испитаничките сметаат дека не се водела сметка ниту за потребите на мажите, ниту за потребите на жените, што покажува перцепција за родова нееднаквост и можеби недоволна инклузивност во процесот. 17.7% сметаат дека при креирањето на буџетот биле повеќе земени предвид потребите на мажите, 10.9% сметаат подеднакво земени предвид потребите на мажите и жените, додека само 1.4% сметаат дека поголемо внимание било посветено на потребите на жените.

*15. Што мислите, дали при досегашното креирање на буџетот на Општина Виница подеднакво беа земени предвид проблемите и потребите на мажите и жените жители на општината?*




Податоците укажуваат на значителен јаз во перцепцијата на родовата сензитивност во процесот на креирање на буџетот. Ниското ниво на уверување дека потребите на жените се адекватно земени предвид, како и високиот процент на испитанички кои не можат да се изјаснат или сметаат дека се игнорирани и потребите на мажите и жените, покажуваат дека постои потреба од подобрена транспарентност и родово сензитивен пристап во процесот на буџетирање. За да се постигне родова еднаквост и инклузивни политики, локалните власти треба да се фокусираат на подобрување на информираноста на граѓаните и да воведат мерки кои ќе осигураат дека буџетските процеси ги земаат предвид потребите на сите членови на заедницата, со посебен акцент на жените и нивните специфични потреби.

Испитаничките имаат и висока неодлучност во перцепцијата дали досегашното креирање на приоритетите на буџетот во општината соодветствувало со реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината. Со 53.7% од испитаничките кои одговориле со „не знам“, се потврдува недостатокот на информираност или

транспарентност во процесот на одредување на приоритетите. 37.4% одговориле дека не сметаат дека проблемите на жените се доволно разгледани при креирање на буџетските приоритети, што укажува на перцепција за недостаток на родова сензитивност во овие процеси. Ова сугерира дека локалните власти треба да вложат повеќе напори во собирање податоци за специфичните потреби на жените и да ја подобрат транспарентноста во креирањето на буџетските приоритети, особено во делот кој се однесува на родовата еднаквост и вклучување на жените во донесување одлуки.

16. Што мислите, дали досегашното креирање на приоритетите во буџетот соодветствуваше со реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината?




Кон истиот заклучок водат и податоците за информираност и запознаеност на испитаничките за термините родово одговорен буџет и буџетска иницијатива. Дури 60.5% од испитаничките изјавиле дека не се запознаени со терминот родово одговорен буџет, а 54.4% од испитаничките одговориле дека не знаат што е буџетска иницијатива.

*17. Дали знаете што значи терминот РОБ (родово одговорен буџет)?*



18. *Дали сте запознаени со терминот буџетска иницијатива?*




Нискиот процент на жени кои учествувале во подготовка и поднесување барања, петиции или буџетски иницијативи (само 10.3%) е загрижувачки и укажува на недостаток на активност и вклученост на жените во овие клучни процеси. Ваквата статистика сугерира на постоење значајни бариери кои го ограничуваат учеството на жените во формалните механизми за застапување. Овие бариери може да вклучуваат недостаток на информираност за достапните можности, недоволна мотивација, ограничен пристап до релевантни ресурси или недоверба во институционалните процеси.

Од друга страна, доминантното отсуство на учество (89.7%) укажува на потребата од засилени напори за поддршка и охрабрување на жените во процесите на носење одлуки на локално ниво. Оваа неактивност може да произлегува од перцепцијата дека граѓанските иницијативи немаат реално влијание или од недостаток на поддржувачки механизми кои би ги поттикнале жените да се вклучат во застапувачки активности.

Испитаничките кои сепак учествувале во поднесување иницијативи, најчесто барале решенија за конкретни инфраструктурни проблеми, како што се изградба и осветлување на пешачки и велосипедски патеки, подобрување на канализациската инфраструктура, отворање детска градинка, како и уредување јавни простори (фарбање на клупите на Виничкото кале). Меѓутоа, одговорите на испитаничките не даваат доволно информации за ефективноста на овие иницијативи, односно дали тие биле прифатени и имплементирани од страна на локалните власти. Ова покажува дека е потребна подетална анализа на одговорите и механизмите за следење на успешноста на поднесените иницијативи.

*15. Дали сте учествувале во подготовка и поднесување на некое барање, петиција или буџетска иницијатива пред релевантните институции?*




### 3.2.5. Потреби и приоритети од областа на комуналните дејности

Податоците од овој дел од анализата покажуваат дека жените и девојките во Општина Виница ги препознаваат одржувањето на јавната чистота, јавното осветлување и уредувањето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини како приоритетни области во доменот на комуналните услуги. Овие аспекти се сметаат за клучни за подобрување на квалитетот на животот во заедницата, што укажува на потребата од засилен ангажман на локалните власти во нивното унапредување.

Од друга страна, теми како што се одржувањето и користењето на јавните паркинзи, организирањето на јавниот превоз и уличната сигнализација се перципирани како помалку приоритетни за жените и девојките во општината. Оваа разлика во приоритетите сугерира дека, иако овие услуги се релевантни за целокупното функционирање на заедницата, нивната важност во контекст на специфичните потреби на жените е помала во споредба со прашањата што се поврзани со безбедноста, урбаното уредување и животната средина.

Оваа распределба на приоритети има директни импликации врз процесите на локалното планирање и буџетирање, при што е неопходно поголемо вложување во области кои жените ги идентификуваат како клучни за нивната благосостојба. За да се одговори на овие потреби, локалните власти треба да ги интегрираат родовите перспективи во комуналното планирање и да осигураат дека политиките и ресурсите се насочени кон подобрување на јавните услуги што директно влијаат врз квалитетот на животот на жените и девојките во општината.

*20. Во кои области во секторот комунални дејности, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.6. Потреби и приоритети од областа на урбанизмот

Во контекст на урбанизмот, жените и девојките во Општина Виница најголем акцент ставиле на уредувањето на просторот, како и на распределбата на средства за финансирање и одржување на инфраструктурата. Исто така, тие ја сметаат за важна можноста за учество во јавни повици за изработка на урбанистички планови и домување. Овие аспекти се сметаат за клучни за подобрување на урбаната средина и за подигање на квалитетот на животот на жените и девојките, што е слично со приоритетите на жените и девојките од Општина Штип. Од друга страна, приоритетите поврзани со измени на урбанистичките планови и грижата за градежното земјиште се оценети како помалку значајни. Ова укажува на тоа дека жените и девојките во Виница се пофокусирани на прашања кои директно го засегаат нивниот секојдневен живот, како што се просторната организација и унапредувањето на јавната инфраструктура.

*21. Во кои области во секторот урбанизам дејности, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.7. Потреби и приоритети од областа на животната средина

Во овој дел од анализата, прашањето за тоа во кои области општината треба повеќе да се ангажира во секторот заштита на животната средина во интерес на жените, покажува дека најголем интерес и потреба за промени постои во областа на спроведување на мерките за спречување на загадувањето на животната средина и просторот, што е од особено значење за здравјето и доброто на заедницата. Општината треба приоритетно да се ангажира во спроведување мерки за спречување на загадувањето, бидејќи тоа е клучно за здравјето и благосостојбата на заедницата, особено во интерес на жените. Потоа следува потребата за едукација на граѓаните за заштита на животната средина, заштита од пожари и слични опасности, што укажува на значајноста на подигнување на свеста кај населението, особено кај жените, за зачувување на животната средина. На крај, значајна е потребата за инспекцискиот надзор за заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиентот на воздухот и просторното планирање.

*22. Во кои области во секторот заштита на животната средина, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.8. Потреби и приоритети од областа на образованието

Пристапот до образование претставува клучен механизам за обезбедување еднакви можности за жените и девојките, поттикнувајќи нивно омоќување и економска независност. Образованието не само што носи директни придобивки за жените, туку има пошироко позитивно влијание врз заедницата, бидејќи придонесува кон зголемена социјална мобилност, намалување на родовата нееднаквост и подобрување на еднаквоста на пазарот на труд. Особено е значајно што со подобар пристап до образование, жените и девојките имаат зголемени можности за учество во економските и социјалните процеси, вклучувајќи го и пазарот на труд, јавниот живот и процесите на одлучување.

Добиените податоци покажуваат дека најголем интерес и потреба постојат во областа на следење на состојбите во основното и средното образование, како и нивното основање, финансирање и администрирање во соработка со централната власт. Ова укажува на значењето на континуираниот мониторинг и стратешкото управување со образовните институции на локално ниво. Дополнително, приоритет се дава на распоредувањето средства за општинските основни училишта, што укажува на потребата од подобрување на инфраструктурата, наставните програми и условите за учење. Висок интерес е забележан и за анализирање на потребите на локалниот пазар на труд и иницирање на отворање нови образовни институции или паралелки, што ја потенцира врската помеѓу

образованието и економскиот развој на заедницата. Помал интерес е искажан за прашања како назначување и овластување лица за спроведување просветен и инспекциски надзор, именување и разрешување директори на училишта и основање општински ученички домови, што може да укажува на тоа дека овие активности не се перципирани како итни или клучни во контекстот на локалните приоритети.

*23. Во кои области во секторот образование, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.9. Потреби и приоритети од областа на здравството

Пристапот до квалитетни здравствени услуги е клучен за физичкото и менталното здравје на жените и девојките, но истиот може да биде ограничен поради фактори како географската оддалеченост, социоекономските услови и недоволната информираност за превентивната заштита. Во контекст на Општина Виница, резултатите од анализата покажуваат дека највисок приоритет за жените е унапредувањето на женското здравје, со посебен акцент на сексуалното и репродуктивното здравје. Ова укажува на потребата од подобрување на здравствените услуги за жените и зголемување на достапноста на специјализирана здравствена нега.

Дополнително, значителен број испитанички ја потенцираат важноста на здравственото воспитување и превентивните активности, како што се едукациските кампањи и програмите за подигнување на свеста. Овие активности се клучни за спречување здравствени проблеми и обезбедување навремени информации за жените во однос на нивното здравје.

Од друга страна, најмал интерес е искажан за надзорот на здравствени болести, што укажува дека жените во оваа заедница повеќе го ценат проактивниот пристап кон здравствената заштита, фокусирајќи се на превенција и унапредување на здравствените услуги, наместо само на контрола на болестите.

*24. Во кои области во секторот здравство, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.10. Потреби и приоритети од областа на културата

Резултатите од овој дел на анализата покажуваат дека испитаничките од Општина Виница имаат најголем интерес за организирање културни манифестации, што укажува на тоа дека културниот живот е значаен аспект за заедницата. Веднаш по ова, високо е рангирана потребата за зачувување на фолклорот, традиционалните обичаи, старите занаети и другите културни вредности, што ја истакнува важноста на културното наследство. Дополнително, значителен број испитанички ја нагласуваат важноста на поддршката за локалните уметници и поттикнувањето на културното творештво, со што се создава простор за нови уметнички изрази и креативни иницијативи.

На крај, институционалната и финансиската поддршка за културните установи и проекти е идентификувана како помалку приоритетна, но сепак значајна. Ова покажува дека, иако испитаничките ја препознаваат улогата на институциите во културниот развој, нивниот фокус е повеќе насочен кон конкретни културни настани и активности, отколку кон долгорочни институционални мерки.

*25. Во кои области во секторот култура, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.11. Приоритети и потреби од областа на спортот и рекреацијата

Најголемите приоритети за жените и девојките во Општина Виница во областа на спортот се организирањето спортски манифестации и развојот на масовниот спорт и рекреативните активности. Ова укажува на изразена потреба од создавање повеќе можности за нивно активно вклучување во спортот, како на рекреативно, така и на натпреварувачко ниво. Исто така, значителен дел од испитаничките ја нагласуваат важноста на подобрување на спортската инфраструктура, односно одржувањето и изградбата на спортски објекти. Ова укажува на свесност за тоа дека квалитетните спортски капацитети се клучен фактор за поголемо учество на жените во спортот. Дополнително, се истакнува потребата од поедноставен пристап до постојните спортски објекти преку нивно давање на користење, како и зголемување на бројот на организирани спортски настани, што би придонело за поголема инклузија и достапност на спортските активности. Од друга страна, значително помал интерес е забележан за поддршката на спортските сојузи и финансирањето на спортските клубови. Ова сугерира дека жените и девојките пред сè имаат интерес за активности што директно ги вклучуваат нив самите, отколку за поддршка на професионалниот спорт и спортските организации.

*26. Во кои области во секторот спорт и рекреација, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.12. Потреби и приоритети од областа на социјалната заштита

Во делот социјална заштита, испитаничките во Општина Виница идентификуваа неколку најголеми приоритети каде што општината треба да се ангажира и да започне со промени. Првиот приоритет е грижа за стари и исцрпени лица. Жените често преземаат одговорност за грижата за стари лица во семејството, што е многу често неплатен труд кој ги остава економски зависни и со ограничен простор за личен развој. Оттука, како втор приоритет е истакнато основањето и управувањето со домови за стари лица, што би обезбедило професионално згрижување и ослободување на жените од оваа обврска, намалувајќи го нивниот неплатен труд. Следниот приоритет се услугите за поддршка на жени и девојки изложени на насилство. Жените и девојките се најчести жртви на различни форми на насилство, вклучувајќи семејно насилство, и многу од нив немаат соодветен пристап до помош. Формирањето центри за поддршка и обезбедување правна, психолошка, здравствена и финансиска помош е од витално значење. Овие услуги ќе создадат безбедни простори каде што жртвите на насилство ќе можат да добијат помош и заштита. Четвртиот приоритет е грижа за деца со попреченост и посебни образовни потреби. Слично како и грижата за стари лица, грижата за деца со попреченост најчесто подлежи на жените, што ги оптоварува без соодветна поддршка. Затоа, општината треба да се фокусира на обезбедување услуги и институции кои ќе им помогнат на жените да обезбедат соодветна грижа за нивните деца.

Овие услуги се од клучно значење за подобрување на квалитетот на животот на жените и ослободување од неплатениот труд кој, во најголем дел, е на нив.

Дополнително, овие мерки ќе им обезбедат на жените поголеми можности за активно учество во економскиот и социјалниот живот, како и поголема сигурност и поддршка.

Меѓутоа, помалку приоритетни мерки, но сепак значајни за развојот на општеството, се подигнување на стандардот на јавните детски установи, грижа за деца со социјално-воспитни проблеми и управување со воспитно-образовни институции. Иако овие аспекти се важни, тие се сметаат за помалку итни во контекст на актуелните потреби на жените во Општина Виница.

*27. Во кои области во секторот социјална заштита, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.13. Потреби и приоритети од областа на локалниот економски развој

Во овој дел испитаничките истакнуваат дека најголемиот приоритет за општината треба да биде создавање поволни услови за поддршка на развојот на малите и средните претпријатија. Ова е од суштинско значење за економскиот напредок на општината, бидејќи ваквите претпријатија имаат потенцијал да создадат нови работни места и да ја зајакнат локалната економија. Втор важен аспект е промоцијата на инвестициите, вклучувајќи привлекување стопански активности од други региони или странство, како и олеснување на пристапот до капитал и финансиски извори. Овие мерки ќе имаат позитивен ефект врз економскиот раст и ќе создадат нови можности за локалното население.

Најмалку приоритетни се проценети активностите кои се однесуваат на утврдување развојни и структурни приоритети, како и основите за имплементација на локалната економска политика. Ова можеби се должи на потребата за подобра

примена на постоечките политики и мерки пред да се премине кон развој на нови стратегии.

*28. Во кои области во секторот локален економски развој, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.2.14. Детектирање на главните проблеми во локалните заедници и предлози за нивно надминување

Испитаничките имаа можност да одговорат на отворено прашање за главните предизвици со кои се соочуваат како жени во нивните заедници. Анализата на одговорите покажува дека иако најголемиот дел од проблемите идентификувани од страна на испитаничките се совпаѓаат со приоритетите истакнати во затворените прашања, тие имаат и дополнителни приоритети. Неколку испитанички го нагласија недостатокот од детски градинки како сериозен проблем. Дополнително, неколку одговори посочија на проблем со дискриминација на жените врз основа на пол и род во повеќе општествени области. Неколку одговори посочија и недостаток на женски спортски клубови во Виница.

Останатите најчести проблеми се однесуваа на лоша инфраструктура на тротоарите; недостаток на соодветно улично осветлување; нередовна и несоодветна работа на комуналните служби, особено во ромското маало во Виница; нередовен и недоволен превоз од Виница до околните места; проблеми со бездомните кучиња; грижа за стари и исцрпени лица.

Во однос на предлозите за надминување на овие проблеми, испитаничките укажале на следниве мерки: отворање повеќе детски градинки, вклучително и во приградските места; унапредување на заштитата на правата на жените;

отворање државни домови за стари и исцрпени лица и обезбедување асистенти за стари и исцрпени лица; нови паркови и повеќе зелени површини; отворање стационар за уличните кучиња; повеќе теренски посети од страна на Градоначалникот на Општина Виница, со цел директно запознавање со потребите и приоритетите на жителите, вклучително и на специфичните потреби на жените и девојките од Виница, подобрување на локалната инфраструктура и поставување соодветно улично осветлување; едукација и правно зајакнување на жените; отворање нови работни места, особено за жените; поттикнување инвестиции за развој на различни индустрии.

### 3.2.15. Како општината може подобро да ги препознае и адресира проблемите и приоритетите на жените и девојките?

Во последниот дел од истражувањето кој се однесува на конкретни предлози за подобро препознавање и адресирање на проблемите и потребите на жените и девојките, најголемиот број одговори од испитаничките укажуваат на потребата за редовно следење и проценка на состојбите, како и за иницирање конкретни мерки за подобрување на положбата на жените.

Најважните предложени мерки вклучуваат спроведување годишна проценка на проблемите и потребите на жените во општината и развој на иницијативи за решавање на специфичните проблеми со кои се соочуваат.

Покрај тоа, испитаничките ја нагласуваат потребата од развој на стратегија за мобилизација на жените и поттикнување женски активизам, како и поддршка за локалните женски организации кои работат на прашања од јавен интерес. Други предлози вклучуваат подготовка на родово одговорен локален буџет, идентификување и зајакнување на локалните женски лидери, создавање лоби-група за застапување на интересите на жените пред локалните власти и осигурување соодветни финансиски средства за унапредување на родовата рамноправност. Вклучувањето на жените во процесите на креирање политики, како и во процесот на родово одговорно буџетирање, се исто така клучни аспекти.

Предлогот за делегирање надлежности на локалните женски организации според законските норми е оценет како помалку приоритетен.

Овие предлози покажуваат јасна потреба за институционализирање на родовата перспектива во локалните политики и буџетски процеси, како и за подобрување на механизмите за вклучување на жените во донесувањето одлуки. Континуираната ангажираност на општината во оваа насока би можела да има значајни позитивни ефекти врз подобрувањето на положбата на жените и создавањето поинклузивни и праведни заедници.

*31. Што според Вас треба да се направи/подобри/унапреди во општината за да општината биде запознаена и поблиска со проблемите и приоритетите на жените и да им излезе во пресрет на потребите на жените и девојките?*



## 4.3. Општина Делчево

### 4.3.1. Демографски податоци

Во Општина Делчево беа анкетирани вкупно 195 жени и девојки. Анализата на демографските податоци покажува дека мнозинството испитанички (82%) живеат во урбани подрачја, додека 18% се од приградски средини.

Во однос на возрасната структура, најголем дел од испитаничките (44.1%) се на возраст од 25 до 49 години, што укажува на висока застапеност на оваа популациска група. Испитаничките на возраст над 60 години сочинуваат 21.5%, додека испитаничките од 50-60 години се застапени со 19%%. Најмалку претставена е групата на младите од 15-24 години (15.4%).

Што се однесува до етничката припадност, анализата покажува дека доминантно мнозинство од испитаничките се од македонска етничка припадност (87%), додека останатите 13% припаѓаат на ромската (7.3%), турската (4.1%), српската (1%) и влашката заедница (0,6%).

Анализата на работниот статус покажува дека 47,4% од испитаничките се вработени, што укажува на релативно висока економска активност, особено во старосната група од 25 до 60 години, која опфаќа 63,1% од вкупниот број испитанички. Пензионерките сочинуваат 18.6%, што е највисок процент на испитанички пензионерки од трите анализирани општини. Ученичките и студентките сочинуваат 9,3% од испитаничките, хонорарно ангажираните 8.2%, а вработените за сопствена сметка и домаќинките по 5.2%, сезонските работнички 3.1%, а работодавачките 1%. Во Општина Делчево има најнизок процент на анкетирани невработени жени и девојки – 2.1%, од кои сите се примателки на социјална помош.

Во однос на брачниот статус, 67,2% од испитаничките се во брак. 14.8% се разведени и вдовици, а сличен процент (14.3%) се немажени. 3.7% живеат во партнерска заедница. Анализата на семејната структура покажува дека половина од испитаничките (49.2%) живеат со своето примарно семејство (сопруг и деца). Истовремено, значителен број од испитаничките (24,1%) живеат во заедница со поширокото семејство, додека 12.6% живеат во заедница со родителите. 12.6% од испитаничките живеат сами.

7.3% од испитаничките одговориле дека лично се соочуваат со некаква форма на попреченост или имаат член во семејството со попреченост. Најчеста форма на попреченост е физичката, а дел од испитаничките одговориле дека како резултат на карцином и мозочен удар не се во можност да работат, што посочува на клучни аспекти на социјалната динамика и потребите за поддршка на оваа категорија жени.

### 4.3.2. Перцепции за родова еднаквост во општеството

Како и во претходните две општини овој дел од анализата ја испитува перцепцијата на жените и девојките во Општина Делчево во однос на родовата еднаквост, како и потребата од зголемена информираност и свесност за ова прашање. Општества со високо ниво на родова еднаквост обезбедуваат еднаков пристап до можности, ресурси и правичен третман за сите. Сепак, индивидуалните ставови често покажуваат до кој степен овие принципи се применуваат на локално ниво.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека мнозинството испитанички (41.4%) не можеле да се изјаснат или не размислувале на оваа тема. Истовремено, 36.1% од испитаничките сметаат дека мажите се во поповолна позиција во општеството, 22% од испитаничките сметаат дека жените и мажите се третирани еднакво, додека ниту една испитаничка не смета дека жените имаат повластена положба. Ваквите податоци укажуваат на делумна свесност за постојната родова нееднаквост во општеството, но исклучително високиот процент на испитанички кои не можеле да се изјаснат по ова прашање или не размислувале на темата сугерира ограничена ангажираност и ограничена активност во однос на прашањата поврзани со родовата еднаквост.

Во однос на перцепцијата за напредокот во родовата еднаквост во последните четири години, 47.2% од испитаничките не можеле да се изјаснат по ова прашање, 38.3% сметаат дека состојбата останала непроменета, додека 9.3% забележуваат позитивни промени. Мал процент (5.2%) сметаат дека состојбата се влошила. Овие наоди укажуваат на тоа дека не постои голема свесноста и интерес за оваа тема меѓу жените и девојките, а повеќето од оние кои успеале да дадат одговор на ова прашање сметаат дека состојбата останала непроменета.

Анализата покажува дека, иако постои свесност за родовата нееднаквост, значителен дел од испитаничките не поседуваат доволно информации или не размислуваат активно на оваа тема. Ова укажува на потребата од засилени напори за подигнување на свеста и зголемување на информираноста преку целни образовни кампањи, јавни дебати и вклучување на заедницата во процесите на носење одлуки. Локалните власти и граѓанските организации имаат клучна улога во креирањето инклузивни политики и програми кои ќе поттикнат зголемено учество на жените во јавниот и политичкиот живот, што е неопходен чекор кон намалување на родовиот јаз и постигнување порамноправно општество.

*8. Дали мислите дека во нашата земја, заедницата/општеството ги третира:*




*9. Дали во последните 4 години во вашата општина состојбата за еднаквоста меѓу жените и мажите се:*




### 4.3.3. Информираност и учество во креирање локални политики

Вклучувањето на жените во процесите на креирање локални политики е од суштинско значење за развојот на инклузивни и правични решенија што одговараат на потребите на целата заедница. Како директни корисници на јавните услуги, особено во сферите на образованието, здравството, социјалната заштита и економскиот развој, жените и девојките имаат клучна улога во обликувањето на политиките што влијаат врз нивниот секојдневен живот. Недостатокот на нивно учество во процесите на одлучување може да доведе до создавање политики што не ги одразуваат нивните специфични потреби и предизвици. Напротив, поголемата застапеност на жените во носењето одлуки го зајакнува демократскиот легитимитет на локалните институции, ја поттикнува граѓанската ангажираност и придонесува кон креирање поинклузивни и одржливи политики.

Со оглед на тоа што жените претставуваат значаен дел од популацијата, нивната улога во социјалниот и економскиот развој мора да биде земена предвид во процесите на креирање политики. Вистинската родова еднаквост бара развој на механизми што ќе го поттикнат учеството на жените во јавниот дискурс, како што се родово сензитивни дебати, транспарентни консултативни процеси и конкретни мерки за поддршка на жените во локалната политика.

Во рамки на оваа анализа се испитува нивото на информираност и учество на жените и девојките од Општина Делчево во креирањето локални политики. Резултатите од истражувањето покажуваат загрижувачка исклученост на жените од консултативните процеси. На прашањето за учество во јавни расправи, дебати и форуми, дури 80.2% од испитаничките одговориле дека не учествувале. Дополнително, 5.2% изјавиле дека не биле информирани за такви настани, а 1.6% од испитаничките одговориле дека не се одржувале такви настани во Општина Делчево. 8.9% од испитаничките одговориле дека учествувале повеќе пати, а 4.2% одговориле дека учествувале само еднаш. Овие податоци укажуваат на итна потреба од засилени напори за информирање и вклучување на жените во процесите на носење одлуки.

Слични загрижувачки податоци се забележуваат и при анализата на учеството во различни активности организирани од општината, како што се јавни расправи, анкети, дебати и форуми. Резултатите покажуваат дека дури 84.9% од испитаничките не учествувале во вакви активности, што укажува на значителна исклученост, додека само 11.3% биле дел од нив. Мал процент (3.8%) одговориле дека такви активности не се одржуваат во нивната општина.

Овие резултати ја истакнуваат неопходноста од мерки за зголемување на свесноста, унапредување на консултативните механизми и создавање достапни и инклузивни платформи за учество. Активното вклучување на жените во процесите на креирање локални политики не само што ќе придонесе кон поголема родова еднаквост, туку и ќе доведе до подобро информирани и поефикасни одлуки што ќе ги одразуваат вистинските потреби на заедницата.

*10. Дали сте учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата во вашата општина со цел искажување на потребите, споделување на проблемите, утврдување на приоритетите и изнаоѓање решенија?*




*11. Дали учествувате во активностите на општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци во урбаната заедница)?*




Анализата покажува дека информирањето на жените и девојките во Општина Делчево за локалните активности е фрагментирано и во голема мера зависи од неформални извори. Иако официјалната веб-страница на општината е значаен канал за комуникација (28.6%), најголем дел од испитаничките (39.2%) добиваат информации преку други луѓе, што носи ризик од дезинформација. Останатите комуникациски канали, како што се граѓанските организации, партиските штабови, локалните медиуми и урбаните заедници, имаат значително помал опсег, што укажува на потреба од подобрување на институционалната комуникација. Недоволното користење на формалните извори на информации ја намалува транспарентноста и ја ограничува можноста за активно вклучување на жените во процесите на донесување одлуки. За да се надмине ова, неопходно е општината да ги зајакне комуникациските механизми, да создаде подостапни и инклузивни платформи за информирање и да поттикне поголема директна интеракција со граѓанките преку разни медиумски и локални канали.

*12. Ако учествувате во активностите на општината, како се информирате за нив?*




### 4.3.4. Информираност и учество во креирање родово одговорни буџети

Вклучувањето на жените и девојките во процесот на планирање и распределба на јавните средства игра клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост и социјалната инклузија. Истражувањата покажуваат дека во општините каде што жените активно учествуваат во буџетските процеси, финансиите почесто се насочуваат кон социјални услуги, како што се детската заштита, образованието и здравствената грижа. Ова резултира со подобри услови за живот не само за жените, туку и за целата заедница.

Анализата на информираноста и учеството на жените и девојките во буџетските процеси на локално ниво укажува на значителен недостаток на нивно вклучување во одлучувањето. Според резултатите, дури 82.7% од анкетираните изјавиле дека немаат интерес да учествуваат во креирањето и распределбата на буџетот, додека само 17.3% покажале подготвеност за вклучување. Оваа разлика јасно укажува на потребата од зголемување на мотивацијата и поттикнување на учеството на жените во носењето локални одлуки. Овие податоци дополнително ја истакнуваат потребата од поголем пристап на жените до јавниот и политичкиот живот, како и од континуирани напори за подигнување на свеста за важноста на родово одговорното буџетирање. За да се намали овој јаз, потребно е локалните власти да преземат мерки за охрабрување на жените и девојките да се вклучат во буџетските процеси преку едукативни програми, информирање и создавање механизми за учество во одлучувањето.

*13. Дали би сакале да бидете вклучени во креирање/одлучување за содржината на буџетот на општината?*




Податоците покажуваат ниско ниво на доверба меѓу жените и девојките во процесот на донесување буџетски одлуки на локално ниво. Само 3.6% од испитаничките веруваат дека нивните мислења и предлози би биле земени предвид доколку се вклучат во буџетскиот процес, додека значителни 79.3% изразуваат недоверба кон локалните власти, сметајќи дека нивните ставови нема да бидат разгледани. Дополнително, 17.1% од анкетираните не можеле да дадат конкретен одговор, но и покрај тоа, ја гледаат вредноста на обидот за учество. Овие наоди укажуваат на длабока перцепција на исклученост и недоверба во транспарентноста на буџетските процеси на локално ниво. Ниското учество на жените не само што ја ослабува нивната улога во креирањето политики, туку и го намалува потенцијалот за развој на родово сензитивни и инклузивни буџети. За да се промени оваа состојба, потребно е локалните власти да воведат поотворени и подостапни механизми за консултации, да ги зголемат напорите за транспарентност и да поттикнат проактивно учество на жените во буџетските одлуки.

*14. Дали сметате дека доколку учествувате во ваков вид активности, Вашето мислење и предлог ќе биде сериозно земено предвид?*




Ниската доверба може да произлегува од неколку клучни фактори, вклучувајќи ја недоволната транспарентност на локалните институции, ограничената инклузивност на буџетските процеси и недостатокот на јасни механизми за вклучување на жените и девојките во одлучувањето. Дополнително, долгорочната отсутност на значајни промени како резултат на граѓанското учество може да доведе до чувство на разочараност и незаинтересираност. Недовербата во способноста на општинските власти да ги земат предвид мислењата на граѓаните претставува сериозен предизвик за демократизацијата на локалното владеење. Високиот процент на жени кои не веруваат дека нивните предлози ќе бидат разгледани јасно укажува на потребата од системски промени во начинот на кој се спроведуваат консултативните процеси. За да се надмине оваа состојба, неопходно е да се зајакне транспарентноста, да се подобри комуникацијата помеѓу граѓаните и локалните власти и да се воведат механизми за отчетност што ќе гарантираат дека граѓанските предлози не само што ќе бидат разгледани, туку и ефективно применети во локалните политики. Вклучувањето на жените и девојките во одлучувачките процеси не смее да биде само формален чекор, туку суштинска иницијатива што ќе обезбеди нивните гласови да бидат слушнати и земени предвид при креирањето на локалните политики. Во овој дел анализата се фокусираше и на перцепцијата на жените и девојките од Општина Виница за родовата сензитивност при креирањето на буџетот на локално ниво, односно дали проблемите и потребите на мажите и жените се третирани подеднакво во процесот на буџетирање, што е клучно за постигнување родова еднаквост и инклузивни локални политики.

Во однос на тоа дали биле подеднакво земени предвид проблемите и потребите на мажите и жените при креирањето на буџетот на општината, податоците покажуваат различни ставови меѓу испитаничките. Големо мнозинство од 70.6%, изјавиле дека не знаат или не можат да се изјаснат за тоа дали потребите на мажите и жените биле подеднакво земени предвид при креирањето на буџетот. Ова може да укажува на недостаток на информираност за процесот на буџетирање или на

непостоење транспарентност во однос на ова прашање. 17.5% од испитаничките сметаат дека не се водела сметка ниту за потребите на мажите ниту за потребите на жените, што покажува перцепција за родова нееднаквост и можеби недоволна инклузивност во процесот. 6.7% сметаат дека при креирањето на буџетот биле земени подеднакво потребите на мажите и жените, а 4.6% сметаат дека биле повеќе земени предвид потребите на мажите. Само 0.5% од испитаничките сметаат дека поголемо внимание било посветено на потребите на жените.

*15. Што мислите, дали при досегашното креирање на буџетот на Општина Делчево подеднакво беа земени предвид проблемите и потребите на мажите и жените – жители на општината?*




Податоците откриваат значителен јаз во начинот на кој граѓаните ја перципираат родовата сензитивност во буџетскиот процес. Ниското ниво на уверување дека потребите на жените се соодветно земени предвид, како и високиот процент испитанички кои или не можат да дадат конкретен став, или сметаат дека потребите на мажите и жените подеднакво се игнорираат, укажуваат на недостаток на транспарентност и инклузивност во буџетирањето. За да се обезбеди родова еднаквост и да се создадат политики што ги одразуваат потребите на сите граѓани, локалните власти треба да работат на подобрување на информираноста, да воведат поефикасни механизми за учество и да обезбедат дека буџетските одлуки ги земаат предвид специфичните потреби на жените, како и на останатите маргинализирани групи во заедницата.

Испитаничките имаат и негативна перцепција на прашањето дали досегашното креирање на приоритетите на буџетот во општината соодветствувало со реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината. 53.1% од испитаничките одговориле дека не сметаат дека проблемите на жените се доволно разгледани при креирање на буџетските приоритети, што укажува на перцепција за недостаток на родова сензитивност во овие процеси. 39.7% одговориле со „не знам“, што го потврдува впечатокот за недостатокот на информираност или транспарентност во процесот на одредување на приоритетите. Само 7.2% сметаат дека досегашното креирање на приоритетите во буџетот соодветствувало со

реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината. Ова укажува на потребата локалните власти да посветат поголемо внимание на прибирање податоци за специфичните потреби на жените и да ја зголемат транспарентноста при утврдувањето на буџетските приоритети. Особено е важно да се стави фокус на родовата еднаквост и активното вклучување на жените во процесот на донесување одлуки.

*16. Што мислите, дали досегашното креирање на приоритетите во буџетот соодветствуваше со реалните проблеми со кои се соочуваат жените во општината?*




Кон истиот заклучок водат и податоците за информираност и запознаеност на испитаничките за термините родово одговорен буџет и буџетска иницијатива. Дури 64.2% од испитаничките изјавиле дека не се запознаени со терминот родово одговорен буџет, а 67% од испитаничките одговориле дека не знаат што е буџетска иницијатива.

*17. Дали знаете што значи терминот РОБ (родово одговорен буџет)?*



18. *Дали сте запознаени со терминот буџетска иницијатива?*




Слично како и во општините Штип и Виница, нискиот процент жени од Општина Делчево кои учествувале во подготовка и поднесување барања, петиции или буџетски иницијативи (само 10.8%) е загрижувачки и укажува на недостаток на активност и вклученост во овие важни процеси. Оваа статистика сугерира дека постојат значителни бариери кои го ограничуваат учеството на жените во формалните механизми за застапување. Можните бариери вклучуваат недостиг на информираност за постоечките можности, недостаток на мотивација, ограничен пристап до важни ресурси или недоверба во институционалните процеси.

Од друга страна, доминантното отсуство на учество (89.2%) укажува на потребата од засилени напори за поддршка и охрабрување на жените во процесите на носење одлуки на локално ниво. Оваа неактивност може да произлегува од перцепцијата дека граѓанските иницијативи немаат реално влијание или од недостаток на поддржувачки механизми кои би ги поттикнале жените да се вклучат во застапувачки активности.

Испитаничките кои сепак учествувале во поднесување иницијативи, најчесто барале решенија за конкретни урбанистички и инфраструктурни проблеми, како и отворање младински центри. Меѓутоа, одговорите на испитаничките не даваат доволно информации за ефективноста на овие иницијативи, односно дали тие биле прифатени и имплементирани од страна на локалните власти. Ова покажува дека е потребна подетална анализа на одговорите и механизмите за следење на успешноста на поднесените иницијативи.

*19. Дали сте учествувале во подготовка и поднесување на некое барање, петиција или буџетска иницијатива пред релевантните институции?*




### 4.3.5. Потреби и приоритети од областа на комуналните дејности

Податоците од овој дел од анализата покажуваат дека жените и девојките во Општина Делчево ги препознаваат одржувањето на јавната чистота, јавното осветлување, организирањето на јавниот превоз за патници, како и одржувањето и користењето на јавниот простор за паркирање. Овие аспекти се сметаат за клучни за подобрување на квалитетот на животот во заедницата, што укажува на потребата од засилен ангажман на локалните власти во нивното унапредување.

Од друга страна, теми како што се уредување, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини и одржување на уличната сообраќајна сигнализација и други сообраќајни инфраструктурни објекти се перципирани како помалку приоритетни за жените и девојките во општината. Оваа разлика во приоритетите сугерира дека, иако овие услуги се релевантни за целокупното функционирање на заедницата, нивната важност во контекст на специфичните потреби на жените е помала во споредба со прашањата што се поврзани со безбедноста, урбаното уредување и животната средина.

Оваа распределба на приоритети има директни импликации врз процесите на локално планирање и буџетирање, при што е неопходно поголемо вложување во области кои жените ги идентификуваат како клучни за нивната благосостојба. За да се одговори на овие потреби, локалните власти треба да ги интегрираат родовите перспективи во комуналното планирање и да осигураат дека политиките и ресурсите се насочени кон подобрување на јавните услуги што директно влијаат врз квалитетот на животот на жените и девојките во општината.

*20. Во кои области во секторот комунални дејности, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*



### 4.3.6. Потреби и приоритети од областа на урбанизмот

Во контекст на урбанизмот, жените и девојките во Општина Виница најголем акцент ставиле на уредувањето на просторот, како и на распределбата на средства за финансирање и одржување на инфраструктурата. Исто така, тие ја сметаат за важна можноста за учество во јавни повици за изработка на урбанистички планови и домување. Овие аспекти се сметаат за клучни за подобрување на урбаната средина и за подигање на квалитетот на животот на жените и девојките, што е слично со приоритетите на жените и девојките од општините Виница и Штип. Од друга страна, приоритетите поврзани со измени на урбанистичките планови и грижата за градежното земјиште се оценети како помалку значајни. Ова укажува на тоа дека жените и девојките во Делчево повеќе се фокусирани на прашања кои директно го засегаат нивниот секојдневен живот, како што се просторната организација и унапредувањето на јавната инфраструктура.

*21. Во кои области во секторот урбанизам, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 4.3.7. Потреби и приоритети од областа на животната средина

Во овој дел од анализата, прашањето за тоа во кои области општината треба повеќе да се ангажира во секторот заштита на животната средина во интерес на жените, покажува дека најголем интерес и потреба за промени постои во областа на едукација на граѓаните за заштита на животната средина, заштита од пожари и слични опасности, што укажува на значајот на подигнување на свеста кај населението, особено кај жените, за зачувување на животната средина. Понатаму, значајна е потребата за инспекцискиот надзор за заштита на животната средина и

природата, квалитетот на амбиентот на воздухот и просторното планирање. На крај, општината треба приоритетно да се ангажира во спроведување мерки за спречување на загадувањето, бидејќи тоа е клучно за здравјето и благосостојбата на заедницата, особено во интерес на жените.

*22. Во кои области во секторот заштита на животната средина, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 4.3.8. Потреби и приоритети од областа на образованието

Пристапот до образование е клучен за обезбедување еднакви можности за жените и девојките, поддржувајќи нивно омоќување и економска независност. Образованието не само што им носи директни придобивки на жените, туку и има поширок позитивен ефект на заедницата, придонесувајќи за зголемена социјална мобилност, намалување на родовата нееднаквост и унапредување на еднаквоста на пазарот на труд. Со подобар пристап до образование, жените и девојките добиваат повеќе можности да учествуваат во економските и социјалните процеси, вклучувајќи ги пазарот на труд, јавниот живот и процесите на донесување одлуки.

Добиените податоци покажуваат дека најголем интерес и потреба постојат во областа на следење на состојбите во основното и средното образование, како и назначување и овластување лице за спроведување на просветен и инспекциски надзор. Ова укажува на значењето на континуираниот мониторинг и стратешкото управување со образовните институции на локално ниво, но и на мониторингот на истото. Дополнително, приоритет се дава на анализирање на потребите на локалниот пазар на труд и иницирање и основање општински ученички домови. Помал интерес е искажан за прашања како именување и разрешување

директори на училишта, во согласност со закон и распоредување средства за општинските основни училишта.

*23. Во кои области во секторот образование, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*



### 3.3.G. Потреби и приоритети од областа на здравството

Пристапот до квалитетни здравствени услуги е клучен за физичкото и менталното здравје на жените и девојките, но истиот може да биде ограничен поради фактори како географската оддалеченост, социоекономските услови и недоволната информираност за превентивната заштита. Испитаничките од Општина Делчево највисок приоритет му даваат на унапредувањето на женското здравје, со посебен акцент на сексуалното и репродуктивното здравје. Ова укажува на потребата од подобрување на здравствените услуги за жените и зголемување на достапноста на специјализирана здравствена нега.

Дополнително, значителен број испитанички ја потенцираат важноста за надзор над заразните болести и на превентивните активности, како што се едукациските кампањи и програмите за подигнување на свеста. Овие активности се клучни за спречување здравствени проблеми и обезбедување навремени информации за жените во однос на нивното здравје.

Од друга страна, најмал интерес е искажан за реализирање активности од областа на здравственото воспитување.

*24. Во кои области во секторот здравство, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*



### 3.3.10. Потреби и приоритети од областа на културата

Резултатите од овој дел на анализата покажуваат дека испитаничките од Општина Делчево имаат различни приоритети и потреби од областа на културата. Трите најголеми приоритети се однесуваат на поттикнување на културното творештво (40%), организирање културни манифестации (39.5%) и институционална и финансиска поддршка на установите и проектите од областа на културата (35.9%). Ова укажува на тоа дека културниот живот е значаен аспект за заедницата.

На крај, институционалната и финансиската поддршка за културните установи и проекти е идентификувана како помалку приоритетна, но сепак значајна. Ова покажува дека, иако испитаничките ја препознаваат улогата на институциите во културниот развој, нивниот фокус е повеќе насочен кон конкретни културни настани и активности, отколку кон долгорочни институционални мерки.

*25. Во кои области во секторот култура, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*



### 3.3.11. Приоритети и потреби од областа на спортот и рекреацијата

Податоците покажуваат дека жените и девојките во Општина Делчево најголем акцент ставаат на поддршката на локалните спортски клубови, развојот на масовниот спорт и обезбедување пристап до спортски објекти. Ова укажува на нивниот интерес за развој на спортска инфраструктура и активности кои ќе бидат достапни за сите, а не само за професионалните спортисти. Помал интерес за поддршка на спортските сојузи и организирање спортски настани сугерира дека жените и девојките во Делчево се позаинтересирани за активно учество во спортот, отколку за организирање големи настани или институционални активности. Ова нагласува потреба за поголемо вложување во локалните спортски капацитети и активностите кои директно ги вклучуваат жените и девојките во спортскиот живот.

*26. Во кои области во секторот спорт и рекреација, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*



### 3.3.12. Потреби и приоритети од областа на социјалната заштита

Жените во Општина Делчево истакнаа неколку клучни приоритети во областа на социјалната заштита, посочувајќи каде општината треба да преземе конкретни чекори за подобрување на услугите. Најголемата потреба ја идентификуваа во формирањето, отворањето и управувањето со домови за стари лица и услугите за грижа на старите и исцрпени лица. Ова се должи на фактот што жените најчесто ја преземаат улогата на негувателки во своите семејства, што претставува неплатен труд и ја ограничува нивната економска независност и личен развој. Обезбедувањето професионална грижа за оваа категорија граѓани би значело намалување на товарот врз жените и поголеми можности за нивна вклученост во други општествени и економски активности.

Друг значаен приоритет е обезбедувањето услуги за поддршка на жени и девојки изложени на насилство. Бидејќи жените се најчестите жртви на семејно насилство и други форми на насилство, неопходно е да се создадат центри за поддршка кои ќе нудат правна, психолошка, здравствена и финансиска помош. Овие услуги ќе овозможат безбедни простори каде што жртвите ќе можат да добијат соодветна поддршка и заштита.

Дополнително, високо на листата на приоритети е и обезбедувањето грижа за деца со попреченост и посебни образовни потреби. Слично како и грижата за стари лица, и оваа одговорност најчесто паѓа на жените, што може да ги оптовари без адекватна поддршка. Затоа, општината треба да развие услуги и институции кои ќе им помогнат на семејствата во обезбедување соодветна грижа за овие деца.

Иако во помала мера, како значајни, но не и најитни приоритети, испитаничките ги посочиле подобрувањето на стандардот на јавните детски установи, поддршката за деца со социјално-воспитни проблеми и подобро управување со воспитно-образовните институции. Овие аспекти остануваат важни за социјалниот развој, но во моменталниот контекст, жените од Делчево ги сметаат за помалку итни во споредба со останатите клучни предизвици со кои се соочуваат.

*27. Во кои области во секторот социјална заштита, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.3.13. Потреби и приоритети од областа на локалниот економски развој

Во овој дел, испитаничките истакнуваат дека најголемиот приоритет за општината треба да биде промовирање инвестиции преку привлекување стопански дејности кон локалната заедница од кој било дел на државата или од други држави, давање помош за пристап кон капитални, финансиски извори на средства. Овие се клучни за позитивен ефект врз економскиот раст и за создавање нови можности за локалното население.

Следен приоритет е создавање поволни услови за поддршка на развојот на малите и средните претпријатија. Ова е од суштинско значење за економскиот напредок на општината, бидејќи ваквите претпријатија имаат потенцијал да создадат нови работни места и да ја зајакнат локалната економија.

Најмалку приоритетни се проценети активностите кои се однесуваат на иницирање и утврдување развојни и структурни приоритети, како и основи и мерки за водење локална економска политика на општината.

Ова можеби се должи на потребата за подобра примена на постоечките политики и мерки пред да се премине кон развој на нови стратегии.

*28. Во кои области во секторот локален економски развој, а кои се во надлежност на општината, општината треба повеќе да се ангажира и да иницира промени во интерес на жените?*




### 3.3.14. Детектирање на главните проблеми во локалните заедници и предлози за нивно надминување

Испитаничките имаа можност да одговорат на отворено прашање за главните предизвици со кои се соочуваат како жени во нивните заедници. Анализата на одговорите покажува дека, иако најголемиот дел од проблемите идентификувани од страна на испитаничките се совпаѓаат со приоритетите истакнати во затворените прашања, тие имаат и дополнителни приоритети. Неколку испитанички ги нагласија стереотипите, родово базираната дискриминација и сексуалното вознемирување како сериозни проблеми, кои се приоритетни за решавање. Дополнително, неколку одговори посочија на проблем со иселувањето на младите и недостаток на вложување од страна на државата во младите.

Останатите најчести проблеми се однесуваа на лоша инфраструктура на улиците и тротоарите; изградба на домови за стари и исцрпени лица, подобрување на водоводната мрежа во приградските реони; едукации и тренинзи за жените и девојките од општината; недостаток на соодветно улично осветлување; нередовна и несоодветна работа на комуналните служби; проблеми со загадување; проблеми со бездомните кучиња.

Во однос на предлозите за надминување на идентификуваните проблеми, испитаничките најчесто укажуваат на потребата од подобрување и зголемување на ефикасноста на работата на општинските власти, вклучително и градоначалникот и општинскиот совет. Дел од предложените мерки се однесуваат на поголемо

вклучување на локалното население во процесот на одлучување, со посебен акцент на учеството на жените и девојките во утврдувањето на приоритетните проблеми и изнаоѓањето соодветни решенија.

Иако ваквите препораки доминираат, загрижувачки се наодите кои покажуваат дека дел од испитаничките изразуваат недоверба во ефективноста на предложените мерки. Имено, иако во помал процент, одреден број испитанички посочуваат дека нивното учество или предлози нема да резултираат со промени, што укажува на присуство на скептицизам во однос на капацитетот и волјата на институциите да одговорат на нивните потреби.

### 3.3.15. Како општината може подобро да ги препознае и адресира проблемите и приоритетите на жените и девојките?

Во последниот дел од истражувањето кој се однесува на конкретни предлози за подобро препознавање и адресирање на проблемите и потребите на жените и девојките, најголемиот број одговори од испитаничките укажуваат на потребата за редовно следење и проценка на состојбите, како и за иницирање конкретни мерки за подобрување на положбата на жените.

Најважните предложени мерки вклучуваат спроведување годишна проценка на проблемите и потребите на жените во општината и подготовка на стратегија за мобилизирање на жените за поттикнување женски активизам и идентификување на жени – локални лидерки.

Покрај тоа, испитаничките ја нагласуваат потребата од покренување соодветни иницијативи за решавање конкретни „женски“ проблеми пред општинските власти, подготовка и примена на политики и процедури за вклучување на жените во креирање локални политики и родово одговорен локален буџет и создавање лоби-група за застапување на интересите на жените пред локалните власти.

Помалку бројните предлози се однесуваат на годишен мониторинг, анализа и оценка на општинскиот буџет и неговата реализација од родов аспект, поддршка на локалните женски организации кои работат со прашања од јавен интерес, одвојување на доволно буџетски средства од локалниот буџет за унапредување на родовата рамноправност во општината и подготовка на родово одговорен локален буџет и негова примена.

Резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека испитаничките препознаваат потребата од систематско и континуирано следење и проценка на состојбите во врска со положбата на жените и девојките во општината. Доминира ставот дека институционализирани механизми, како што се редовни анализи, мониторинг и конкретни мерки, се неопходни за подобрување на состојбата. Посебно значајно е што меѓу клучните препораки се издвојува спроведувањето на годишна проценка на потребите на жените, што укажува на препознавање на важноста од базирање

на политики врз релевантни и тековни податоци. Истовремено, иницијативите за мобилизирање на жените и идентификување локални лидерки укажуваат на потребата од зајакнување на женскиот активизам и создавање силни женски мрежи во заедницата. Испитаничките, исто така, нагласуваат значајноста на активното вклучување на жените во креирањето локални политики, особено преку родово одговорно буџетирање и развој на лоби-групи за застапување. Ова укажува на свест за тоа дека само преку формализирани процедури и структури можат да се адресираат системските нееднаквости и да се подобри пристапот на жените до ресурси и одлучување. Иако во помал обем, се издвојуваат и предлози поврзани со анализа на буџетските трошења од родов аспект и финансиска поддршка на женски организации. Ова укажува на делумно разбирање за потребата од одржливост на активностите поврзани со родовата рамноправност, но истовремено може да сигнализира и одредена скепса во однос на можностите за ефективно имплементирање на овие мерки. Сумирано, добиените наоди укажуваат на потребата од структурирани, долгорочни и институционални решенија за унапредување на положбата на жените, при што евидентно е дека испитаничките ја перципираат локалната самоуправа како клучен актер во процесот. Притоа, инсистирањето на конкретни механизми како редовно следење, буџетски интервенции и лобирање, покажува свесност за тоа дека инклузивните политики мора да бидат поддржани со конкретни финансиски и структурни механизми за да бидат ефективни.

*31. Што според Вас треба да се направи/подобри/унапреди во општината за да општината биде запознаена и поблиска со проблемите и приоритетите на жените и да им излезе во пресрет на потребите на жените и девојките?*



# 5. Препораки

### 5.1. Препораки Општина Штип:

- Општина Штип, во соработка со локалните училишта, месните заедници и граѓански организации, треба да спроведе структурирана кампања за подигнување на свеста за родова еднаквост, која ќе вклучува, организирање јавни трибини, едукативни работилници и дискусии во различни делови од општината, со посебен фокус на жените и девојките од руралните средини и постари возрасни групи. Кампањата треба да ги вклучи локалните медиуми и социјалните мрежи за испраќање едноставни пораки и практични примери за тоа што значи родова еднаквост во секојдневниот живот.
- Општина Штип треба да воспостави редовен и транспарентен систем за информирање на граѓан(к)ите за јавни расправи и консултации. Овој систем треба да опфати навремено и достапно информирање преку повеќе канали на комуникација (веб-страница, социјални мрежи, локални медиуми, огласни табли во месните заедници), како и преку директна комуникација со граѓанските организации. Особено внимание во овој дел треба да се посвети на вклучување жени од рурални и маргинализирани заедници преку теренски активности или мобилни информативни тимови.
- Општината треба да организира тематски форуми и работилници посветени исклучиво на жените и девојките, каде што тие ќе можат во поддржувачка и безбедна средина да ги изразат своите ставови, потреби и предлози во однос на локалните политики. Овие настани треба да се одржуваат барем двапати годишно, во различни населени места, и да резултираат со конкретни извештаи и препораки кои ќе се земаат предвид при изработката на општинските програми и буџети. Истовремено, општината треба да обезбеди логистичка поддршка (превоз, превод ако е потребно и сл.) за да се овозможи учество на што поголем број жени.
- Општината треба да спроведе насочени активности кон жените и девојките за подигање на свеста за родово одговорно буџетирање. Овие активности може да опфатат едноставни и практични обуки, инфо-сесии и кратки видеа кои ќе објаснуваат што претставува општинскиот буџет, како се распределуваат средствата, и како граѓанките можат да се вклучат во тие процеси.
- Општината треба да воспостави родово сензитивни механизми за партиципативно буџетирање, преку воведување јавен повик за предлози од граѓани/ки при креирањето на буџетот, со посебен сегмент за сугестии и идеи од жени и девојки. Предлозите може да се собираат преку анонимни онлајн форми, кутии за предлози во месните заедници, како и на јавни настани и форуми.

- Општината треба да објавува извештај со вклучени граѓански предлози и одговори од институциите – дали и како се вклучени предлозите. Ова ќе придонесе за зголемување на довербата, преку транспарентно покажување дека гласот на жените има реално влијание.
- Со цел да се зголеми транспарентноста и информираноста, општината треба на почетокот и крајот на секој буџетски циклус да организира јавни презентации – физички и онлајн – каде јасно ќе се прикажува како буџетот ги адресира потребите на различни групи, вклучително и жените. Овие презентации треба да вклучуваат и едноставна родова анализа, која ќе опфати колку средства се наменети за услуги што доминантно ги користат жени, како грижа за деца, поддршка за жртви на родово базирано насилство, поддршка за самохрани родителки и слично.
- Жените и девојките треба да се вклучат во определувањето на буџетските приоритети преку тематски фокус-групи и консултативни средби. Овде акцентот треба да се стави на опфат на жени од различни средини и категории (место на живеење, работен статус, возраст и сл.) каде ќе се дискутираат нивните потреби и приоритети. Овие консултации треба да се одржуваат пред донесувањето на буџетот и да бидат формално документирани и вклучени во извештајот за јавни консултации при носењето на буџетот.
- Формирање локални центри за женско граѓанско учество – општината, во соработка со ЗЕЛС, месните заедници и граѓанските организации треба да воспостави локални контакт-точки или центри каде жените ќе можат да добијат информации, обука и менторска поддршка за тоа како да поднесат иницијативи, петиции и барања, како и какви се нивните граѓански права. Овие центри можат да организираат работилници за буџетски процеси, техники за застапување и практични примери од успешно прифатени иницијативи.
- Општината може да одвои посебни микрофондови за граѓански иницијативи предводени од жени од заедницата, со фокус на решавање на приоритетните локални проблеми, кои пред сѐ ги засегаат жените и девојките.
- Општина Штип да приоритизира инвестиции во подобрување на јавната чистота, осветлувањето и одржувањето на зелените и рекреативни површини, преку директно вклучување на жени во процесите на планирање и мониторинг на овие услуги.
- Општина Штип да воспостави редовни средби со жени и девојки од различни населби со цел да ги вклучи нивните предлози при планирање на јавни простори и распределба на инфраструктурни средства.

- Општината треба да зголеми инспекциски надзор и мониторинг на квалитетот на воздухот и животната средина, со акцент на урбаните и индустријализираните области, како и да спроведе едукативни кампањи за граѓаните за заштита на животната средина и превенција на загадување.
- Општината треба да ги зајакне капацитетите и механизмите за мониторирање на квалитетот на образованието во основните и средните училишта.
- Општина Штип треба да стави акцент на унапредување на пристапот и здравствените услуги за жените и девојките, со акцент на услугите од сексуално и репродуктивно здравје.
- Општината треба да организира редовни културни манифестации и поддржи локални уметници и културни иницијативи, создавајќи простор за активно културно творештво и промовирање на локалните културни вредности.
- Општината треба да инвестира во развој на масовниот спорт и рекреативни активности, со цел создавање повеќе можности за жените и девојките за активно учество, како и изградба и подобрување на спортската инфраструктура за лесен пристап до спортски објекти.
- Општината треба да формира шелтер центри за поддршка за жени и девојки жртви на насилство, како и да обезбеди услуги за правна, психолошка, здравствена и финансиска помош.
- Општината треба да иницира основање домови за стари лица, со цел професионално и соодветно згрижување на постарите лица. Ова ќе овозможи ослободување на жените од неформалната грижа за стари лица, намалување на нивниот неплатен труд и ќе им обезбеди повеќе простор за личен развој и економска независност.
- Општината треба да создаде поволни услови за развој на малите и средните претпријатија, преку обезбедување финансиска поддршка, олеснување на процедурите за започнување бизнис и создавање иновациски хабови, со цел поттикнување на претприемничката активност и генерирање нови работни места.

### 5.2. Препораки Општина Виница:

- Општина Виница треба да спроведе сеопфатна кампања за родова еднаквост со фокус на рурални и маргинализирани жени. Кампањата, која е најдобро да се спроведе во соработка со останатите општествени чинители и партнери, треба да го доближи концептот за родовата еднаквост до секојдневието на граѓан(к)ите.

- Општина Виница треба да развие транспарентен систем за информирање и вклучување на граѓан(к)ите во процесите на носење одлуки, особено во делот на локалните политики поврзани со еднаквост и инклузија. Овој систем да користи повеќе канална комуникација – веб-страница на општината, огласни табли во месните заедници, социјални медиуми, локални радио и ТВ-станици – и да вклучи теренски информативни тимови кои ќе допрат до жени од рурални и потешко достапни области.
- Општина Виница треба да организира редовни фокус-групи со жени од руралните и помалку застапени заедници, со цел директно вклучување во процесите на креирање локални политики и идентификување на нивните приоритети и предизвици.
- Општина Виница да ги прошири и диверзифицира каналите за информирање на граѓан(к)ите преку вклучување на локалните медиуми, месните заедници, огласната табла на општината и воспоставување партнерства со граѓанските организации, со цел навремено и инклузивно информирање за јавни расправи, анкети и одлуки од значење за заедницата.
- Општината да спроведе едукативни сесии за жени и девојки за тоа како функционира локалниот буџет и како можат да влијаат врз распределбата на јавните средства.
- Да се воспостават редовни јавни консултации со учество на жени од различни заедници, со обезбедена повратна информација за тоа како нивните предлози се разгледани и интегрирани во буџетот.
- Општината треба да спроведе родово сензитивна анализа при буџетското планирање. Ова подразбира редовно собирање, анализа и користење податоци раздвоени по пол при креирање на буџетот, со цел да се идентификуваат и адресираат специфичните потреби на жените и мажите.
- Општината треба јавно и транспарентно да ги објавува буџетските приоритети со родова перспектива. Ова подразбира обезбедување достапни, разбирливи и визуелно прикажани информации за тоа како буџетот ги одразува потребите на различни групи, особено жените.
- Општината во соработка со граѓанските организации треба да развие и спроведе таргетирани и континуирани практични обуки, локални трибини и активности за подигање на свеста и информираноста за родово одговорно буџетирање и родови иницијативи. Со овие активности треба да бидат опфатени различни категории жени.
- Општината треба да воспостави систем за следење и евалуација на поднесените граѓански и буџетски иницијативи, кој ќе овозможи двонасочна комуникација помеѓу граѓанките и општинските власти, и ќе ги

информира жените за тоа како нивните иницијативи се разгледуваат, прифаќаат и спроведуваат.

- Општината треба да ја интегрира родовата перспектива во комуналното планирање, со цел овозможување поинклузивни и поодговорни јавни политики. Локалните власти треба приоритетно да инвестираат во одржување на јавната чистота, јавното осветлување и уредувањето на парковите и зелените површини, имајќи предвид дека овие области се идентификувани од жените и девојките како клучни за нивната безбедност, благосостојба и квалитет на живот.
- Општината треба да овозможи активно вклучување на жените и девојките во процесите на уредување на урбаниот простор и распределба на средства за инфраструктура преку транспарентни јавни повици и консултативни процеси. Притоа, треба да се даде приоритет на проекти што директно го подобруваат секојдневието на жените, како што се безбедни јавни простори, пристапна инфраструктура и социјално домување.
- Општината треба приоритетно да вложи во спроведување ефективни мерки за спречување на загадувањето на животната средина и паралелно да развие едукативни програми насочени кон жените, со цел подигнување на свеста и градење капацитети за активно учество во заштитата на животната средина.
- Општината да воспостави систем за редовен мониторинг на состојбите во основното и средното образование преку подготвување квартални извештаи за потребите, финансирањето и инфраструктурата на образовните институции, во соработка со училиштата и надлежните органи од централната власт.
- Општината да воспостави програма за унапредување на женското здравје, која ќе вклучува редовни едукативни кампањи и мобилни здравствени тимови за сексуално и репродуктивно здравје, како и редовни превентивни прегледи за жените во руралните области, со цел да се зголеми пристапот до здравствена заштита и да се подигне свеста за здравствената заштита кај жените и девојките.
- Општината да организира редовни спортски манифестации и да инвестира во подобрување на спортската инфраструктура, вклучувајќи изградба и одржување спортски објекти, како и да обезбеди лесен пристап до постојните капацитети за масовни и рекреативни спортски активности за жените и девојките.
- Општината да развие и имплементира програми за грижа за стари и исцрпени лица, кои ќе обезбедат поддршка за жените и ќе го намалат нивниот неплатен труд. Ова вклучува основање дом за стари лица со соодветни капацитети за згрижување, кој ќе обезбеди професионална

грижа и ќе ослободи жени од обврската за грижа за стари членови на семејството.

- Општината да формира центри за поддршка на жени и девојки изложени на насилство, кои ќе обезбедат правна, психолошка, здравствена и финансиска помош.
- Да се обезбедат специјализирани услуги и институции за грижа за деца со попреченост, со што ќе се ослободат жените од оптоварувањето со грижата за нивните деца и ќе се подобри нивниот квалитет на живот.
- Да се основаат нови детски градинки во Виница и приградските места, со цел да се обезбеди подобар пристап до предучилишно образование.
- Да се унапреди правната заштита на жените преку едукација и правно зајакнување, како и обезбедување ресурси за борба против дискриминацијата.
- Да се отвори стационар за уличните кучиња, со цел хумано решавање на проблемот со бездомните кучиња во општината.
- Да се инвестира во подобрување на инфраструктурата, вклучително тротоарите и поставување соодветно улично осветлување, особено во приградските и рурални области.
- Да се овозможи редовен и соодветен јавен превоз за поврзување на Виница со околните места.

### 5.3. Препораки Општина Делчево

- Општина Делчево треба да организира целни образовни кампањи, јавни дебати и работилници за зголемување на информираноста и за значењето на родовата еднаквост, со акцент на активното вклучување на жените и девојките во процесите на носење одлуки и политичкиот живот.
- Општината треба да разработи и имплементира инклузивни локални политики и програми кои ќе поттикнат поголемо учество на жените во јавниот и политичкиот живот, како и во процесите на донесување одлуки, со цел намалување на родовиот јаз.
- Општината Делчево треба да воспостави редовни и транспарентни консултативни процеси, како што се форуми и јавни дебати, кои ќе бидат лесно достапни за сите жени и девојки, со цел активно вклучување во креирањето локални политики.
- Општина Делчево треба да ја подобри и редовно да ја ажурира својата веб-страница, како и да воведе интерактивни платформи и директни канали за комуникација, со цел да се обезбеди консолидирано и точно информирање на жените и девојките, намалувајќи ја зависноста од неформални извори.

- Општината треба да организира редовни едукативни програми и информативни кампањи за жените и девојките за важноста на родово одговорното буџетирање, како и да создаде конкретни механизми за нивно активно вклучување во процесот на креирање и распределба на јавните средства.

- Општината треба да воведе јасни механизми за информирање на жените за процесот на креирање и распределба на буџетот преку редовни јавни консултации и објавување на буџетските податоци на официјалната веб-страница и други канали.

- Општината треба да обезбеди инклузивност и родова сензитивност во воспоставувањето на буџетските приоритети. Ова, меѓу другото, подразбира анкетирање жени од различни групи и организирање фокус-групи за собирање информации за специфичните проблеми со кои се соочуваат жените и девојките, со цел да се вклучат во утврдувањето на буџетските приоритети.

- Со цел собирање и разгледување поголем број буџетски иницијативи од жени и девојки, општината може да воспостави консултативен комитет за родово одговорно буџетирање, во кои би учествувале и претставнички од женски граѓански организации.

- Општината да воспостави механизам за јавен мониторинг на имплементацијата на буџетските иницијативи, со месечни извештаи и јавни консултации за повратни информации.

- Општината да воспостави систем за приоритизација на комуналните услуги според потребите на жените, со фокус на јавната чистота, осветлување, јавен превоз и паркирање, преку консултации со женските организации и месните заедници. Ова да се одрази во буџетските приоритети на општината.

- Општината да воведе редовни јавни повици и консултации за изработка на урбанистички планови и распределба на средства за инфраструктура, со посебен акцент на учеството на жените и девојките.

- Општината да организира најмалку три едукативни кампањи годишно за заштита на животната средина, со фокус на жените и девојките, како и да воведе редовен инспекциски надзор за заштита на природата и спречување на загадувањето.

- Општината да воспостави редовен мониторинг на квалитетот на образованието во основните и средни училишта, со фокус на родовата еднаквост.

- Општината да реализира годишна анализа на потребите на локалниот пазар на труд, која ќе ја информира образовната политика и ќе ја унапреди вештината на учениците во согласност со побарувачката на пазарот на труд.
- Општината да започне иницијативи за основање ученички домови, кои ќе обезбедат пристап до образование за ученици од рурални и оддалечени области.
- Општината да инвестира во здравствени програми и услуги за женско сексуално и репродуктивно здравје, како и да обезбеди бесплатно или субвенционирано консултирање и прегледи за жените.
- Општината да спроведува редовни информативни кампањи за превентивна здравствена заштита и да организира работилници за жените за значењето на превенцијата и раното откривање болести.
- Општината треба да отвори домови за стари и исцрпени лица, кои ќе обезбедат професионална грижа и ќе ги ослободат жените од неформален негувателски труд, овозможувајќи им поголема економска независност и вклученост во општествени активности.
- Општината да формира центри за поддршка на жртви на насилство, каде ќе се обезбедат правна, психолошка и здравствена помош, како и финансиска поддршка, за да се овозможи заштита и рехабилитација на жените и девојките кои преживеале насилство.
- Општината да инвестира во создавање специјализирани услуги за грижа и образовни центри за деца со попреченост, што ќе ги ослободи жените од неформален негувателски труд и ќе обезбеди соодветна поддршка за семејствата.
- Да се организираат кампањи за подигнување на свеста и едукација на заедницата, со фокус на родово заснована дискриминација и сексуално вознемирување.
- Да се обезбедат буџетски средства за реконструкција на инфраструктурата и подобрување на условите за живот во приградските и руралните области, со приоритет на безбедноста и пристапноста.
- Развивање програми за заштита и стерилизација на бездомни кучиња, како и формирање прифатилишта кои ќе овозможат сигурно сместување на животните и минимизирање на ризиците за безбедноста на граѓаните.
- Засилување на контролните механизми и отчетноста на комуналните служби, како и подобрување на услугите преку обуки за вработените и едукација на заедницата за правилното користење на јавните услуги.

- Инвестирање во решавање на проблемите со загадувањето преку промоција на еколошки технологии, регуларен мониторинг на квалитетот на воздухот и вода, како и имплементација на кампањи за заштита на животната средина.

Издавачи: **Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ од Штип, Здружение ЕХО – Едукативно хуманитарна организација од Штип и Здружение ИНИ од Виница**

Автори и уредници: **Гордана Несторовска и Игор Јадровски**

Дизајн: **Благојче Дишоски**

Лектура: **Денис Бојаров**